2019



# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Министерство за финансии
Биро за јавни набавки

Копирање, умножување и употреба на материјалот за комерцијални цели не е дозволено. При користење на податоци од публикациите на Бирото за јавни набавки потребно е да се цитира изворот.

**ОКТОМВРИ 2020 година**

e-nabavki.gov.mk bjn.gov.mk

ИЗВЕШТАЈ
за активностите на Бирото за јавни набавки
во функционирањето на системот на јавните набавки за 2019 година

# И З В Е Ш Т А Ј

## за активностите на Бирото за јавни набавки во функционирањето на системот на јавните набавки за 2019 година

Скопје, септември 2020 година

# СОДРЖИНА


**1. Правна рамка за јавните набавки во Република Северна Македонија ____ 5**
1.1. Закон за јавните набавки ____ 5
1.2. Подзаконски акти ____ 6
1.3. Закон за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста ____ 8
1.4. Подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста ____ 9
**2. Биро за јавни набавки ____ 11**
2.1. Надлежности ____ 11
2.2. Изготвени мислења ____ 14
2.3. Модели на тендерски документации и прирачници ____ 16
2.4. Негативни референци ____ 17
**3. Едукација за јавни набавки ____ 20**
3.1. Податоци од спроведените обуки во 2019 година ____ 20
**4. Податоци добиени од други институции ____ 23**
4.1. Државна комисија за жалби по јавни набавки ____ 23
4.2. Управен суд на Република Македонија ____ 26
4.3. Виш Управен суд ____ 28
4.4. Државна комисија за спречување на корупцијата ____ 28
4.5. Комисија за заштита на конкуренцијата ____ 29
**5. Соработка со институции во врска со јавните набавки ____ 32**
5.1. Соработка со институции во Република Северна Македонија ____ 32
5.2. Соработка со меѓународни институции и меѓународна соработка при ЕУ интеграција 33
**6. Контрола на постапките за јавните набавки ____ 35**
6.1. Податоци од спроведена управна контрола ____ 35
6.2. Податоци од спроведена претходна контрола ____ 39
**7. Користење на Електронскиот систем за јавни набавки ____ 42**
**8. Анализа на пазарот за јавни набавки во 2019 година ____ 48**
8.1. Податоци од огласите за доделување на договори за јавни набавки ____ 50
8.2. Склучени договори за јавни набавки ____ 59
8.2.1. Податоци за склучените договори според видот на договорот за јавна набавка _ 62
8.2.2. Податоци за склучените договори според категорија на договорен орган ____ 63
8.2.3. Податоци за склучените договори за јавни набавки според останати параметри 66
8.2.4. Учество на економските оператори на постапките за доделување на договори за јавни набавки ____ 84
8.3. Измени на договорот за јавна набавка во текот на неговата важност ____ 90

8.4. Известување за реализиран договор ____ 91
8.5. Податоци од известувањата за поништување на постапките ____ 91
8.5.1. Податоци за изменување и дополнување на огласот ____ 94
8.6. Учества на Електронски постапки ____ 95
8.7. Електронски аукции ____ 101
**9. Придобивки од воведувањето на новите алатки и модули на ЕСЈН ____ 104**
9.1. Задолжителни е-набавки - очекувани и остварени ефекти ____ 104

# 1. Правна рамка за јавните набавки во Република Северна Македонија

## 1.1. Закон за јавните набавки

*Новиот Закон за јавните набавки, чија примена започне од 1 април 2019 година, беше донесен на 28 јануари 2019 година, од страна на Собранието*

На седница одржана на 28 јануари 2019 година, Собранието го донесе новиот Закон за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/19), чија примена започне од 1 април 2019 година.

Донесувањето на новиот Закон за јавните набавки се темели на обврските за усогласување на нашето законодавство со законодавството на Европската унија, како и општите принципи и начела на јавните набавки преку кои треба да се обезбеди слободна конкуренција во јавните набавки и рационално трошење на јавните средства.

Појдовна основа за изготвување на законот се соодветните прописи на Европската унија кои ја регулираат областа на јавните набавки, односно Директивите и пресудите на Европскиот суд на правдата.

*Донесувањето на овој закон ги постави основите за темелна реформа во системот на јавните набавки во нашата држава*

Со донесувањето на овој закон се поставуваат основите за темелна реформа во системот на јавните набавки во нашата држава, а со донесувањето на подзаконските акти се заокружи новата правна рамка. Имплементацијата на новата правна рамка овозможува зголемување на транспарентноста и ефикасноста на системот на јавните набавки, од една страна, како и воведување соодветни механизми на контрола, од друга страна, што ќе резултира со поголема рационалност во трошењето на јавни средства, односно добивање најдобра вредност за потрошените јавни средства.

## 1.2. Подзаконски акти

*Предвидените подзаконски акти кои беа неопходни за примената на новиот закон и кои се во функција на олеснување на имплементацијата на истиот, беа донесени во предвидените рокови*

Предвидените подзаконски акти (особено оние кои беа неопходни за примената на новиот закон) кои се во функција на олеснување на имплементацијата на Законот за јавните набавки, беа донесени во предвидените рокови и тоа:

- Правилник за формата, содржината како и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/19);
- Правилник за видовите на посебни услуги кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/19);
- Правилник за едукација, планирањето, начинот на спроведување на едукацијата и испитот, начинот на издавање и продолжување на важноста на потврдата за положен испит за лице за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/19);
- Тарифник за висината на надоместоците за едукација за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/19);
- Правилник за начинот на користење на електронскиот систем за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/19 и 271/19);
- Тарифник за висината на надоместоците за користење на електронскиот систем за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/19);
- Правилник за начинот на пополнување, како и формата и содржината на образецот на извештајот од спроведената постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/19);

*Со подзаконските акти подетално се разработуваат одделни аспекти од законот поврзани со начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки, начинот на користење на електронскиот систем, начинот на избор на постапките кои ќе бидат предмет на управната контрола, начинот на исправка на аритметичка грешка и сл.*

- Правилник за начинот на водење евиденција на постапките за јавни набавки, како и содржината на евидентната книга („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/19);
- Правилник за формата и содржината на барањето мислење за спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/19);
- Правилник за начинот на избор на постапките кои ќе бидат предмет на управната контрола, како и начинот на вршење на управната контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/19);
- Правилник за формата и содржината на записник од извршената управна контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/19);
- Правилник за начинот на исправка на аритметичка грешка во фаза на евалуација на понудите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 225/19);
- Правилник за формата и содржината на записник за отворањето на понудите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 225/19);
- Правилник за видовите на активности на градење кои се предмет на договорите за јавни набавки на работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 250/19) и
- Кодекс на однесување при спроведување на јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 263/19).

Со нив подетално се разработуваат одделни аспекти од законот поврзани со начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки, начинот на користење на електронскиот систем за

јавни набавки, начинот на пополнување на извештајот од спроведената постапка, начинот на водење на евиденција на постапките за јавни набавки и содржината на евидентната книга, начинот на избор на постапките кои ќе бидат предмет на управната контрола и начинот на вршење на управната контрола, начинот на исправка на аритметичка грешка во фаза на евалуација на понудите и др.

## 1.3. Закон за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста

Донесувањето на Закон за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста се темели на обврските за усогласување на нашето законодавство со законодавството на Европската унија.

Имено, со транспонирањето на Директивата 2009/81/ЕУ со која се уредува доделувањето на договорите за јавни набавки во областа на одбраната и безбедноста, се заокружува процесот на транспонирање на правото на Европската унија за јавни набавки во националното законодавство, а исто така, целосно се заокружи правната рамка за јавните набавки во нашата држава.

*На седница одржана на 27 август 2019 година, Собранието го донесе Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста, чија примена започне осмиот ден од денот на неговото објавување*

На седница одржана на 27 август 2019 година, Собранието го донесе Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/19), чија примена започне осмиот ден од денот на неговото објавување.

Јавните набавки од областа на одбраната и безбедноста до сега беа исклучени од примена на одредбите од Законот за јавните набавки. Со овој закон овие набавки за првпат законски се уредуваат и при вршењето на истите треба да се обезбеди транспарентност, слободна и фер конкуренција и рационално трошење на јавните средства.

*Овој Закон ќе овозможи доделувањето договори за јавни набавки во областа на одбраната и безбедноста, да биде транспарентно, економично и ефикасно, но истовремено, да обезбеди заштита на безбедносните интереси на државата и на информациите кои се од доверлив карактер*

Донесувањето на овој Закон ќе овозможи процесот на доделување договори за јавни набавки во областа на одбраната и безбедноста, почнувајќи од планирањето, спроведувањето на постапките за јавни набавки, склучувањето и реализацијата на договорите, да биде транспарентен, економичен и ефикасен од една страна, но истовремено, од друга страна, да обезбеди заштита на безбедносните интереси на државата и на информациите кои се од доверлив карактер.

## 1.4. Подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста

*Во предвидениот рок беа донесени подзаконските акти кои беа неопходни за непречена имплементацијата на овој Закон*

До крајот на 2019 година, односно во предвидениот рок се донесоа подзаконските акти кои беа неопходни за непречена имплементацијата на овој Закон, и тоа:

- Одлука за утврдување на листата на стоки во одбраната и безбедноста за кои се применува Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста („Службен весник на Република Македонија“ бр. 246/19);
- Уредба за начинот на доделување на договори за набавки на Владата на Република Северна Македонија со влади на странски држави („Службен весник на Република Македонија“ бр. 245/19) и
- Одлука за утврдување на индикативен список на договорни органи од областа на одбраната и безбедноста („Службен весник на Република Македонија“ бр. 246/19).

Со нив подетално се утврдуваат стоките во одбраната и безбедноста за кои се применува овој закон, се утврдува начинот на доделување на договори за набавки на Владата на Република

Северна Македонија со влади на странски држави и се утврдува индикативен список на договорни органи од областа на одбраната и безбедноста кои ќе можат да ги применуваат одредбите од Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста.

# 2. Биро за јавни набавки

## 2.1. Надлежности

*Бирото врши работи во врска со развојот на системот на јавните набавки и преку своите бројни надлежности постојано настојува да го унапреди и модернизира системот на јавните набавки во нашата држава со цел зголемување на неговата ефикасност и функционалност*

Бирото за јавни набавки врши работи во врска со развојот на системот на јавните набавки, како и обезбедувањето рационалност, ефикасност и транспарентност во спроведувањето на постапките за јавни набавки. Имено, Бирото преку своите бројни надлежности постојано настојува да го унапреди и модернизира системот на јавните набавки во нашата држава со цел зголемување на неговата ефикасност и функционалност.

Заради остварување на своите надлежности, Бирото од моментот на своето формирање воспостави добра комуникација како со јавниот, така и со приватниот сектор и истата постојано ја унапредува. Имено, Бирото континуирано ја зголемува транспарентноста преку промовирање нови средства за комуникација кои на сите заинтересирани субјекти им ја зголемуваат пристапноста до информациите со кои истото располага.

Почнувајќи од 1 април 2019 година, Бирото отпочна со спроведување на управна контрола која претставува нова надлежност и со која треба да се провери дали постапките за јавни набавки предмет на управната контрола се во согласност со Законот за јавните набавки и останатите прописи за јавни набавки.

Кон крајот на 2012 година, Секретаријатот за издавање сертификати од претпријатието TÜV SÜD Management Service GmbH на Бирото му додели Сертификат за систем за управување со квалитет ИСО 9001:2008 со што се потврдува квалитетната и контролирана организација на работните процеси и современото работење на Бирото.

Во 2018 година, по спроведената постапка за јавна набавка, како и по спроведувањето на потребните процедури, Сертификационото тело ИНТЕРЦЕРТ ДООЕЛ Скопје, на Бирото за јавни набавки му додели Сертификат за системот за менаџмент со квалитет согласно со барањата на стандардот МКС EN ISO 9001:2015, со што се потврди дека Бирото има имплементиран систем за менаџмент со квалитет во опсегот на Развој на системот за јавни набавки и следење на неговото спроведување. Сертификатот е со важност до август 2021 година.

Со цел ефикасно, ефективно и економично извршување на надлежностите на Бирото, а согласно Правилникот за систематизација на работните места во Бирото за јавни набавки, формирани се три сектора и четири самостојно одделение, и тоа:

Секторот за нормативна дејност, обуки и меѓународни односи со три одделенија. Во надлежност на овој сектор е изготвувањето на законската и подзаконската регулатива за јавни набавки и следење и анализирање на нејзиното спроведување, иницирање на предлози за подобрување на регулативата за јавни набавки, изготвување на мислења за примена на одделни одредби од законот и подзаконските акти, подготовка на модели на стандардна тендерска документација, подготовка на програма за едукација и годишен план за реализација на едукацијата како и оставрување на меѓународна соработка и реализирање на активностите кои произлегуваат од НПАА и процесот на интеграција кон ЕУ. Во секторот се вработени 6 (шест) државни службеници.

Секторот за следење на системот за јавните набавки и управување со ЕСЈН со три одделенија. Во надлежност на овој сектор е следење на функционирањето на системот за јавни набавки преку добиените огласи и известувања од страна на договорните органи, прибирање, обработување и анализа на податоците за спроведените постапки за јавни набавки, обезбедување техничка поддршка на

договорните органи и економските оператори кои го користат системот, управување со ЕСЈН и вршење мониторинг, пријава и отстранување на на сите технички и функционални проблеми како и развивање и унапредување на системот и електронскиот пазар за набавки од мала вредност.  Во овој сектор се вработени 8 (осум) државни службеници.

Сектор за контрола со две оделенија. Во надлежност на овој сектор е давање на мислење за исполнетоста на условите во постапката со преговарање без објавување оглас поради крајна итност и доколку стоката, услугата или работата може да ја обезбеди само одреден економски оператор, како и спроведување управна контрола на постапките за јавни набавки чија проценета вредност е над 500.000 евра во денарска противвредност кај набавката на стоки или услуги и над 2.000.000 евра во денарска противвредност кај набавката на работи, врз основа на проценка на ризиците од кршење на одредбите од овој закон и по случаен избор. Во овој сектор се вработени 9 (девет) државни службеници.

Како самостојни оделенија формирани се: Одделение за управување со човечки ресурси со двајца вработени државни службеници, Одделение за финансиски прашања со вработени тројца државни службеници, Одделение за внатрешна ревизија и Одделение за општи работи и превод. Во Бирото има вработени и двајца државни советници.

Заклучно со 2019 година, од вкупно систематизирани 74 работни места пополнети се 30, а 4 се ангажирани по договор за дело.

Сепак, имајќи ја предвид обемноста и сложеноста на надлежностите кои ги има Бирото, како и препораките кои произлегуваат од извршените внатрешни ревизии, неопходно е натамошно кадровско зајакнување на секторите во Бирото со компетенти и мотивирани државни службеници кои ќе бидат

посветени постојано да го унапредуваат системот на јавните набавки во нашата држава.

## 2.2. Изготвени мислења

*Во текот на 2019 година преку контакт формата се пристигнати 1.629 барања, а воедно беа доставени и 294 барања на мислење по пошта*

Бирото за јавни набавки согласно новиот Закон за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/19) како една од основните и најзначајни пропишани надлежности продолжи со давање на мислења во врска со одредбите и примената на законот, со цел да им помогне на договорните органи и економските оператори кои учествуваат во постапките за доделување на договор за јавна набавка да ги разрешуваат практичните дилемите и отворени прашања кои ги имаат при спроведување на истите. И во овој период, Бирото, продолжи да ја остварува оваа советодавна функција на неколку начини: со давање на мислење на дописите кои договорните органи и економските оператори ги доставуваат преку пошта, одговарање на прашања поставени преку контакт формата на веб страницата на Бирото и на ЕСЈН, како и преку одговарање на прашања поставени преку телефонскиот центар за корисничка поддршка.

До Бирото во текот на 2019 година преку контакт формата се пристигнати 1.629 барања, а воедно беа доставени и 294 барања на мислење по пошта. Исто така, Бирото изготвува мислења за потребите на Министерството за финансии. Може да се заклучи дека најчестите прашања кои беа поставувани се однесуваат на фазата на евалуација на понудите, фазата на реализација на склучените договори, докажување на способноста во случај на поддршка од друг субјект , како и во однос на користење на исклучоците од примена на одредбите на законот кои се пропишани во законот. Најчести прашања поврзани со евалуацијата беа оние кои се однесуваат на тоа дали одредена понуда е прифатлива или не, дали одредени

*Најчести прашања поврзани со евалуацијата беа оние кои се однесуваат на тоа дали одредена понуда е прифатлива или не, дали одредени документи за докажување на лична состојба, техничка и професионална способност треба да се бара дополнително да се достават, што се третира за аритметичка грешка и како треба да се постапи во таков случај*

документи за докажување на лична состојба, техничка и професионална способност треба да се бара дополнително да се доставаат, што се третира за аритметичка грешка и како треба да се постапи во таков случај. Понатаму, чести беа и прашањата кои се однесуваат на дополнителните работи, вишоците, кусоците и непредвидените работи. Во однос на спроведувањето на електронски постапки, најчесто поставуваните прашања се однесуваа на тоа кои документи треба да бидат потпишани електронски, што во случај кога одговорното лице или член на комисијата за јавна набавка нема дигитален потпис, дали е потребно подизведувачите да ги потпишат документите кои ги доставуваат електронски, како и во однос на валидноста на дигиталните сертификати кои економските оператори ги користат во постапките.

Бирото за јавни набавки, со цел да излезе во пресрет на договорните органи и на економските оператори кои учествуваат во спроведувањето на постапките за доделување на договори за јавни набавки, континуирано ги ажурира најчесто поставуваните прашања поставени на веб-страницата на Бирото, со додавање на нови прашања, како и изменување и дополнување на одговорите согласно со измените на законот. Во текот на 2019 година, исто како и во претходните години, како начин преку кој се обезбедуваат брзи и навремени совети поврзани со спроведувањето на постапките за јавни набавки, интензивно се користеше одговарањето од страна на вработените во Бирото преку Центарот за корисничка поддршка, давајќи им при тоа стручна помош на договорните органи и економските оператори. Центарот за корисничка поддршка во 2019 година секојдневно им стоеше на располагање на договорните органи и економските оператори.

*Во споредба само во однос на претходната 2018 година, може да се заклучи дека вкупниот број на барања за мислење поставени од страна на договорните органи и економските оператори е зголемен повеќе од два пати*

Графикон 2.1




| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|
| Прашања преку контакт формата | 1.071 | 778 | 900 | 1.629 |
| Прашања по пошта | 200 | 173 | 153 | 294 |
| Вкупно | 14.849 | 13.270 | 13.820 | 33.400 |

Ако се направи споредба само во однос на претходната 2018 година, може да се заклучи дека вкупниот број на барања за мислење поставени од страна на договорните органи и економските оператори е зголемен повеќе од два пати.

Имајќи предвид дека во овој период започна да се применуваат одредбите на новиот Закон за јавните набавки, разбирлив е интересот од страна на договорните органи и економските оператори, да се осигураат дека при спроведувањето на јавните набавки истиот правилно ќе го применуваат.

Притоа, задржан е трендот да се поставуваат највеќе прашања преку Центарот за корисничка поддршка, од што произлегува дека ова е најкористен начин за обезбедување на помош од вработените на Бирото е дека и оваа година. Имено, учесниците во системот за јавните набавки се повеќе ја користат можноста да добијат брз и конкретен одговор на проблемите и нејаснотиите со кои се соочуваат во текот на спроведувањето на постапките за јавни набавки.

## 2.3. Модели на тендерски документации и прирачници

*Со оглед дека набавките под вредносните прагови опфаќаат најголем дел од набавките, најнапред се пристапи кон изготвување на модели на тендерска документација за набавка од мала вредност и поедноставена отворена постапка*

По стапувањето во сила на новиот Закон, Бирото пристапи кон изготвување на модели на тендерска документација за набавка од мала вредност и поедноставена отворена постапка.

Набавката од мала вредност и поедноставената отворена постапка се дизајнирани за набавки чија вредност е под вредносните прагови определени со Директивите (и кои изнесуваат 135.000 евра за стоки и услуги, 5.225.000 евра за работи и 750.000 евра за посебните услуги). Според, искуството на Европската комисија и земјите-членки, како и нашето, набавките под вредносните прагови опфаќаат најголем дел од набавките доделени од страна на договорните органи и затоа се од голема важност. Овие набавки претставуваат значителни расходи за договорните органи, како и големи деловни можности за економските оператори, особено за малите и средни претпријатија (МСП). Поради наведеново најнапред се пристапи кон изготвување на модели на тендерска документација за овое постапки.

Моделите на тендерска документација се јавно достапни на веб страница, со цел на договорните органи / економските оператори да им се олесни примената на законот при спроведувањето на постапките за јавни набавки, односно да се олесни учеството во постапките.

## 2.4. Негативни референци

Инструментот негативна референца беше воведен во 2013 година, со претходното законско решение, со цел да им се понуди алатка за заштита на договорните органи од економските оператори кои се несериозни, односно кои не ги почитуваат условите кои ги дале во своите понуди, како и од понудувачите избрани за носители на набавката кои не се придржуваат до договорните обврски. Имајќи го предвид горенаведеното, економски оператор што има негативна

*Со Законот за јавните набавки кој е во примена од 1 април 2019 година, не е предвидена можност, орган да издаде негативна референца во случај кога договорот за јавна набавка се раскинува и се активира банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот*

референца не може да учествува во постапка за јавна набавка ниту самостојно ниту како поддршка за користење на способоност од други субјекти.

Согласно укажувањата на деловната заедница и увидените слабости од досегашната пракса користењето негативни референци значително се ограничува со новото законско решение. Со Законот за јавните набавки кој е во примена од 1 април 2019 година, не е предвидена можност, орган да издаде негативна референца во случај кога договорот за јавна набавка се раскинува и се активира банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Исто така се скратува и времетрањето на санкционирање на оние економски оператори на кои треба да им се издаде негативна референца. Доколку дојде до наплата на банкарската гаранција на понудата, односно до прекршување на изјавата за сериозност на понудата, договорниот орган во ЕСЈН објавува негативна референца што резултира со исклучување на предметниот понудувач од сите идни постапки за јавни набавки во период од шест месеци од денот на објавувањето. Периодот на исклучување се зголемува за дополнителни три месеци при секоја наредна негативна референца, но не повеќе од една година.

*Во текот на 2019 година, од страна на договорните органи биле издадени вкупно 64 негативни референци на економските оператори*

Во текот на 2019 година, од страна на договорните органи биле издадени вкупно 64 негативни референци на економските оператори. Деталната анализа за причината поради која биле издадени негативните референци, како и споредба во однос на издадените негативни референци во 2016, 2017, 2018 и 2019 година, може да се види во графиконот во прилог. Бирото во 2019 година отстранило 3 негативни референци, постапувајќи по одлука на Државната комисија за жалби по јавни набавки и по доставена изјава заверена на нотар заради техничка грешка на вработен кај

договорниот орган кој незаконски издал негативна референца за одреден економски оператор.

Графикон 2.2




| | Повлечена понуда | Неприфатена исправка на ар. грешка | ЕО одбива да потпише договор | Необезбедена гаранција | Наплатена гаранција | ЕО не доставил документ за лична состојба | Отстранети од БЈН |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2019 | 8 | 3 | 22 | 6 | 20 | 5 | 3 |
| 2018 | 4 | 0 | 18 | 7 | 42 | 8 | 9 |
| 2017 | 2 | 1 | 8 | 5 | 15 | 10 | 2 |
| 2016 | 12 | 2 | 17 | 6 | 22 | 25 | 14 |

Од прикажаните податоци, може да се забележи дека во текот на 2019 година, од страна на договорните органи биле издадени вкупно 64 негативни референци на економските оператори, што претставува намалување во однос на претходната 2018 година, кога беа издадени вкупно 79 негативни референци и тоа по однос на сите правни основи. Дали ќе се задржи овој тренд и дали произлегува од новите одредби во законот, треба да се почека со примена на истите од барем една календарска година.

Листата на негативни референци е јавно достапна на ЕСЈН, а условите за издавање негативна референца се јасно пропишани во законот.

# 3. Едукација за јавни набавки

## 3.1. Податоци од спроведените обуки во 2019 година

Едукацијата за јавни набавки има за цел постојано стекнување со знаења, вештини и компетенции, како и стручно усовршување на теоретските и практични знаења, вештини и компетенции во областа на јавните набавки заради стручно, економично, ефикасно и ефективно спроведување и учествување на постапките за јавни набавки на сите нивоа.

*Бирото донесува годишен план за едукација со кој се утврдува бројот, временскиот распоред, видовите на обуки според наставни програми кои се планира да се спроведат во тековната година и се определуваат термините за полагање на редовните и поправните писмени испити*

Бирото ја планира, организира и спроведува едукацијата за јавни набавки, а за успешно реализирање на наведениве активности донесува годишен план за едукација со кој се утврдува бројот, временскиот распоред, видовите на обуки според наставни програми кои се планира да се спроведат во тековната година и се определуваат термините за полагање на редовните и поправните писмени испити. По донесување на годишниот план, истиот најдоцна до 15 јануари од тековната година се објавува на веб-страницата. Објавувањето на годишниот план се смета за повик врз основа на кој заинтересираните лица електронски преку веб-страницата на Бирото, во делот Едукација - Пријавување за обуки, пополнуваат пријава за учество на обуката во избраниот термин.

Едукацијата за јавни набваки во текот на 2019 година, се организираше и спроведуваше врз основа на Годишниот план за едукација за 2019, а согласно со Законот за јавните набавки, Правилникот за едукација, планирањето, начинот на спроведување на едукацијата и испитот, начинот на издавање и продолжување на важноста на потврдата за положен испит за лице за јавни набавки, Тарифникот за висината на надоместоците за едукација за јавни набавки како и Интерното упатство за подготвување и спроведување на едукацијата за јавни набавки.

*Во текот на 2019 година, Бирото спроведе вкупно 31 обука и тоа: 16 обуки за лица кои за прв пат треба да се стекнат со потврда за лице за јавни набавки, и 15 обуки за лица за јавни набавки за продолжување на важноста на потврдата за лице за јавни набавки*

Во 2019 година, 3-те (трите) планирани обуки за економски оператори беа откажани поради недоволен интерес, како и една обука за обнова на потврдата за лице за јавни набавки. Бирото во текот на 2019 година, спроведе вкупно 31 обука и тоа:

- 16 обуки за лица кои за прв пат треба да се стекнат со потврда за лице за јавни набавки, на кои присуствувале вкупно 270 учесници и
- 15 обуки за лица за јавни набавки за продолжување на важноста на потврдата за лице за јавни набавки, на кои присуствувале вкупно 285 учесници.

Во дијаграмот 3.1 даден е преглед на планирани и реализирани обуки за договорни органи и економски оператори.

Дијаграм 3.1




Почнувајќи од 2012 година, Бирото во спроведувањето на обуките го користи електронскиот систем за едукација. Преку овој систем се најавуваат учесниците на обуките и се евидентира нивното присуство, се поканувaaт обучувачите кои по прифаќање на поканата прикачуваат презентации и

вежби, се врши оценување на обучувачите преку пополнување на евалуациони листи, и се полага писмениот испит.

Бирото во текот на целата година, како и периодично, до сите учесници на едукацијата доставува анкетни прашалници во врска со задоволството од спроведените обуки и искористеноста на наученото во текот на работата.

Ваквите анкетни прашалници учесниците ги пополнуваат на крајот од секоја обука и по одреден период, по кој можат да утврдат дали обуката помогнала во нивната работа.

Овие анкети одделението за обуки ги користи со цел проверка на досегашната успешност на едукациите, како и за изготвување на мерки за подобрување на обуките во текот на следната година.

# 4. Податоци добиени од други институции

## 4.1. Државна комисија за жалби по јавни набавки

Државната комисија за жалби по јавни набавки согласно со Законот за јавните набавки, е надлежна за решавање по жалби во постапките за јавни набавкии, решавање по жалби во постапките за доделување на договори за концесии и јавно приватно партнерство.

Имено, Државната комисија одлучува за законитоста на дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија, како и на одлуките кои како поединечни правни акти се донесени во постапките за јавни набавки. Исто така, комисијата одлучува и за други барања кои во постапката на правна заштита се дозволени да ги поднесат странките во постапката.

*Во 201 9 година вкупната бројка на пристигнати и заведени предмети изнесува 902, од кои решени се вкупно 850 предмети. Нерешени се 52 предмети*

Според податоците од Државната комисија комисија за жалби, во 2019 година вкупната бројка на пристигнати и заведени предмети е 902, од кои решени се вкупно 850 предмети. Нерешени се 52 предмети.

Против 83 предмети е покренат управен спор пред Управниот суд, од кои за 46 предмети управниот суд не донел одлука, додека за 37 предмети донесени се одлуки.

Бројот на уважени тужби изнесува 6, а бројот на одбиени тужби како неосновани е 24. Отфрлени се 5 тужби од страна на Управниот суд, а по 2 предмети е запрена постапката по тужба.

Од вупно пристигнатите и заведени предмети, 5 се барања за склучување на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба, од кои 2 се одбиени и 3 отфрлени.

Добиени се 15 предлози за одредување на времени мерки, кои се одбиени.

Не е поднесена ниту една тужба во постапка каде договорен орган е Државната комисија.

Во графиконот 4.1 се наведени податоците добиени од страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки. За споредба, во истиот се наведени и податоците од претходните 7 години.

*Се забележува тренд на зголемување на вкупниот број на примени жалби во 2019 година*

Графикон 4.1




Од податоците во графиконот 4.1 се забележува тренд на зголемување на вкупниот број на примени предмети, освен во 2017 година кога овој број изнесува 561, за да во 2019 година вкупниот број на примени предмети се зголеми на 902.

Графикон 4.2



*Исто така, се забележува зголемување на бројот на уважени жалби, особено во последните три години, за да бројот на уважени жалби во 2019 година изнесува 474*

Графиконот 4.2 ги покажува податоците од 2012 до 2019 година кои се однесуваат на бројот на уважени жалби (укината/поништена одлука и поништена постапка), бројот на одбиени жалби, бројот на отфрлени жалби, како и бројот на повлечени жалби. Споредувајќи ги податоците се забележува зголемување на бројот на уважени жалби, особено во последните три години, за да бројот на уважени жалби во 2019 година изнесува 474.

Графикон 4.3




Што се однесува до бројот на поднесени тужби против одлуките донесени од страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки пред Управниот суд на Република Македонија, во графиконот 4.3 се прикажани податоците од 2012 до 2019 година, при што се забележува дека вкупниот број на поднесени тужби во 2019 се намалил, односно изнесува 83, за разлика од 2018 година, кога оваа бројка изнесувала 95 поднесени тужби.

## 4.2. Управен суд на Република Македонија

Управниот суд на Република Македонија е надлежен за решавање по поднесени тужби од странки кои се незадоволни од одлуките на Државната комисија за жалби по јавни набавки. Со оглед на таа надлежност, оваа институција е од големо значење во делот на правната заштита во постапките за доделување договори за јавни набавки.

Бирото за јавни набавки ги наведува податоците за поднесените тужби против одлуките на Државната комисија пред Управниот суд во годишните извештаи поради прецизно согледување на ефикасноста и ефективноста на правната заштита во областа на јавните набавки. Овие податоци можат да се видат во Графиконот 4.4 кој е во прилог[1]:

Графикон 4.4

*Во текот на 2019 година, до Управен суд примени се вкупно 77 предмети, од кои уважени се 17 тужби, 42 тужби се одбиени, отфрлени се 7 тужби и по три предмети се запрени постапките*




[1] Овие податоци се добиени од Управен суд на барање на Бирото за јавни набавки

Графикон 4.5




*Бројот на одбиени тужби се зголемил од 39 во 2018 на 42 во 2019 додека бројот на уважени тужби во 2019 година се намалил во однос на 2019 година*

Во Графиконот 4.5 се наведени податоците околу бројот на уважени тужби, одбиени тужби, отфрлени тужби и запрени постапки, во споредба со претходните години. Податоците од 2019 година во споредба со оние од 2018, покажуваат дека бројот на одбиени тужби се зголемил од 39 во 2018 на 42 во 2019 додека бројот на уважени тужби во 2019 година се намалил во однос на 2019 година. Што се однесува до бројот на запрени постапки, истиот останува непроменет.[2]

*До Управниот суд поднесени се и 5 барања за донесување на времени мерки за одлагање од извршување на решение, и сите се одбиени*

До Управниот суд поднесени се и 5 барања за донесување на времени мерки за одлагање од извршување на решение, и сите се одбиени. Поднесено е и 1 барање за исполнување на пресуда на Управен суд, односно Судот да донесе решение кое во целост ќе го замени актот на второстепената Државна комисија за жалби по јавни набавки, и тоа е одбиено како неосновано.

[2] Овие податоци се добиени од Управен суд на барање на Бирото за јавни набавки

## 4.3. Виш Управен суд

Вишиот управен суд одлучува по жалбите против одлуките на Управниот суд донесени во прв степен, а кои се однесуваат на поништување на одлуките на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

*Во текот на 2019 година, во Вишиот управен суд заведени се вкупно 39 предмети, од кои решени се 34 предмети односно донесени се одлуки од страна на Вишиот управен суд*

Според податоците добиени од Вишиот управен суд на барање на Бирото за јавни набавки, во текот на 2019 година, во Вишиот управен суд заведени се вкупно 39 предмети, од кои решени се 34 предмети односно донесени се одлуки од страна на Вишиот управен суд.

Од овие 34, во 28 предмети се донесени одлуки со кои жалбите на тужителите се одбиени како неосновани, а пресудите на Управниот суд се потврдени.

По еден предмет, Вишиот управен суд донел одлука со која жалбата е отфрлена. Исто така, по три предмети, Вишиот управен суд донел одлука со која жалбата е уважена, а решението на Управниот суд е преиначено.

По два предмети, Вишиот управен суд донел одлука со која жалбата е уважена, а решението на Управниот суд е укинато и предметот е вратен на повторно разгледување и одлучување на првостепениот суд.

## 4.4. Државна комисија за спречување на корупцијата

Една од надлежностите на Државната комисија за спречување на корупција, е постапувањето по пријави од физички и правни лица за сомнежи за корупција и судир на интереси.

Државната комисија за спречување на корупција не располага со конкретен податок за број на пријави од правни и физички лица за сомнеж од корупција во постапките за јавни набавки во 2019 година.

Притоа, со цел обезбедување на податоци поврзани со предметите со сомнеж од корупција и судир на интереси од различни области кои се доставуваат во Државната комисија за спречување корупција во тек е изработка на софтверска алатка за распределба, евиденција и обработување на предметите оформени по пријава од сомнеж од корупција и судир на интереси која ќе овозможи полесен начин на обезбедување на потребни податоци по различни области, за исходот од постапувањето на Државната комисија за спречување корупција по конкретни предмети, како и други податоци.

*По 2 (два) предмети, Државната комисија за спречување корупција до Основното јавно обвинителство Скопје, поднела Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на одговорни лица во јавни институции поради постоење основи за сомневање за сторено кривично дело „Злоупотреба на службена положба и овластување“ од член 353 став 3 од Кривичниот законик на РМ, затоа што при спроведувањето на постапката за јавни набавки*

Постапувајќи по 2 (два) предмети, Државната комисија за спречување корупција одлучила до Основното јавно обвинителство Скопје да поднесе Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на одговорни лица во јавни институции поради постоење основи за сомневање за сторено кривично дело „Злоупотреба на службена положба и овластување“ од член 353 став 3 од Кривичниот законик на РМ, затоа што при спроведувањето на постапката за јавни набавки не обезбедиле правилно, наменски и законско користење и заштита на финансисиките средства на институциите во кои се спроведени постапките за јавни набавки.

## 4.5. Комисија за заштита на конкуренцијата

Комисијата за заштита на конкуренцијата ги следи и анализира состојбите на пазарот во однос на слободната и ефикасна конкуренција, а со цел обезбедување на развој на слободната и ефикасна конкуренција утврдува правила и мерки за заштита на конкуренцијата и мерки за воспоставување на ефективна конкуренција.

Слободната конкуренција е од особена важност за сите држави чии економии се темелат на начелото на слободен пазар, каде што распределбата на средствата е резултат на односите на понудата и побарувачката на пазарот. Правото на конкуренција како една од политиките на внатрешниот пазар на Европската

унија и нејзините земји членки, како и на сите држави во чии што економии е втемелено начелото на слободен пазар, има за цел да ги спречи поединечните практики и деловни активности на пазарот, кои одредени претпријатија можат да ги доведат во неоправдано поповолна позиција во однос на другите претпријатија.

Ваквото ставање во поповолна позиција во однос на другите претпријатија при доделување на договорите за јавни набавки, би ја довело во прашање и би ја загрозило слободната конкуренцијата помеѓу претпријатијата.

Законското спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки, а особено почитувањето на начелото на конкуренција меѓу економските оператори и еднаков третман и недискриминација на економските оператори претставува предмет на интерес на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Комисијата за заштита на конкуренцијата од 2012 година воведе новина со која што се забрануваат договорите помеѓу претпријатија при поднесување на понуди во постапките за јавни набавки. за јавни набавки.

*Во 2019 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата во една прекршочна постапка утврдила постоење на забранет договор помеѓу претпријатија при поднесување на понуди во постапки за доделување на договори за јавни набавки, и за утврдениот прекршок на сторителите им е изречена соодветна глоба*

Во 2019 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата во една прекршочна постапка утврдила постоење на забранет договор помеѓу претпријатија при поднесување на понуди во постапки за доделување на договори за јавни набавки, и за утврдениот прекршок на сторителите им е изречена соодветна глоба.

Ако се направи споредба со податоци од минатите години, видно е дека состојбата не е значително променета, односно за периодот 2015-2019 година, Комисијата утврдила постоење на забранет договор помеѓу претпријатија при поднесување на понуди во постапки за доделување на договории за јавни набавки, во една прекршочна постапка во 2017 година и во една прекршочна постапка во 2019 година.

Имајќи предвид дека економските оператори многу често се жалат на нереално ниски цени или ограничување на

конкуренцијата по други основи, може да се изведе заклучок дека е потребна поопсежна анализа за причините за наведената состојба, дали станува збор за недоволна информираност на економските оператори каде и до кого треба да се обратат кога сметаат дека е оневозможена вистинска конкуренција во постапката за доделување на договор за јавна набавки.

# 5. Соработка со институции во врска со јавните набавки

*Во овој период Бирото за јавни набавки тесно соработуваше со Министерството за финансии, Министерството за одбрана и Министерстото за внатрешни работи при што се транспонира Директивата за набавки во областа на одбраната и безбедноста 2009/81/ЕЗ. Имено, се донесе Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.180/19), со што успешно се реализира еден од краткорочните приоритети од Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2019 година.*

## 5.1. Соработка со институции во Република Северна Македонија

Бирото за јавни набавки континуирано соработува со Министерство за фининасии, Министерството за правда, Министерството за економија, Државната комисија за жалби по јавните набавки, Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупција, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Централен регистар, Службен весник и други институции, со оглед дека повеќе државни институции од аспект на своето делување влијаат врз системот за јавни набавки. Имено, преку размена на меѓусебните искуства на државните институции системот за јавни набавки постојано се унапредува и подобрува.

Во овој период Бирото за јавни набавки тесно соработуваше со Министерството за финансии, Министерството за одбрана и Министерстото за внатрешни работи при што се транспонираше Директивата за набавки во областа на одбраната и безбедноста 2009/81/ЕЗ. Имено, во август месец се донесе Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.180/19), при што е успешно се реализира еден од краткорочните приоритети од Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2019 година.

Во рамки на редовната соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата, Бирото продолжи да известува по однос на реализацијата на „Државната програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2016-2019“, која има за цел да го акцентира институционалниот систем и

легислативата заради превенција на корупцијата и судирот на интереси.

Бирото за јавни набавки учествува и во работната група 23 Правосудство и фундаментални права, која ја раководи Министерството за правда во рамки на „Националната програма за усвојување на законодавството на Европската унија“.

Една од институциите со кои Бирото соработуваше во текот на минатата година, е и Академијата за судии и јавни обвинители која согласно Програмата за обука на судските службеници и на јавно-обвинителските службеници, организираше и во соработка со Бирото спроведе три обуки на тема „ Јавни набавки, подготовка на тендерска документација и технички спецификации на предметот на набавката“. На обуката присуствуваа вкупно 28 судски и јавно обвинителски службеници задолжени за спроведување постапки за јавни набавки од судовите и обвинителствата.

Во овој период, Бирото соработуваше и со други институции, чиешто дејствување влијае особено од аспект на јакнење на професионалноста, стручноста и одговорноста на лицата кои работат на јавните набавки, што всушност претставува и препорака на Европската комисија во извештаите за напредокот на Република Северна Македонија.

## 5.2. Соработка со меѓународни институции и меѓународна соработка при ЕУ интеграција

Во 2019 година, Бирото за јавни набавки ја продолжи соработката со меѓународните институции, пред се со Европската комисија и Светската трговска организациja, со што продолжи со реформите поврзани со развојот на системот на јавните набавки.

Бирото за јавни набавки присуствуваше на Четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција во рамките на Комитетот за стабилизација и

асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 22 мај 2019 година во Скопје, на кој беше презентиран постигнатиот напредок и беа утврдени заклучоци и обврски за понатамошен развој на системот за јавни набавки.

*Претставник на Бирото присуствуваше на Четиринаесеттиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција, кој се одржа на 22 мај 2019 година во Скопје, на кој беше презентиран постигнатиот напредок и беа утврдени заклучоци и обврски за понатамошен развој на системот за јавни набавки*

Во 2019 година продолжија и преговорите на Република Северна Македонија за пристапување кон Спогодбата за јавни набавки на Светската трговска организација (СТО).

Во таа насока, беа реализирани повеќе активности, и тоа Четврта рунда на билатерални преговори и учество на редовниот состанок на Комитетот на СТО за јавни набавки во февруари 2019 година, билатерални преговори и учество на редовниот состанок на Комитетот на СТО за јавни набавки во јуни 2019 година, билатерални преговори и учество на редовниот состанок на Комитетот на СТО за јавни набавки во октомври 2019 година, како и низа активности за успешно водење и финализирање на процесот на преговори и пристапување кон Спогодбата.

Република Северна Македонија и во претстојниот период ќе продолжи со процесот на пристапување кон Спогодбата, при што треба да се има предвид и големата поддршка од сите членки на Спогодбата.

Во декември 2019 година е потпишан Договорот за Твининг проектот Зајакнување на буџетско планирање, извршување и функции на внатрешна контрола под ИПА 2018, во кој Бирото за јавни набавки е опфатено како корисник во Компонента 3 – Унапредување на законската усогласеност, ефикасност и транспарентност на системот на јавни набавки.

Може да се забележи дека Бирото за јавни набавки и во текот на 2019 година ја продолжи меѓународната соработка во областа на јавните набавки, а со цел понатамошно унапредување на националниот систем на јавни набавки.

# 6. Контрола на постапките за јавните набавки

## 6.1. Податоци од спроведена управна контрола

*Бирото за јавни набавки спроведе управна контрола на 128 постапки за јавни набавки.*

Согласно одредбите од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2019), Бирото за јавни набавки добива нова надлежност, а тоа е да врши управна контрола на постапките за јавна набавка, согласно одредбите од овој закон. Вршењето на управна контрола врз постапките по јавна набавка започнува пред испраќање на одлуката за избор, односно поништување на постапката до понудувачите кои учествувале во истата и е од исклучителна важност заради улогата која ја има Бирото директно да влијае врз евентуално отстранување на утврдените неправилностите (незаконски преземените дејствија или пропуштање на преземање на одредени дејствија). Активната улога на Бирото преку вршење на управна контрола дава можност оваа институција која го следи развојот на системот на јавните набавки, да ги лоцира слабостите на системот на јавните набавки и да допринесе за нивно надминување.

Управната контрола во рамките на Бирото започна да функционира од 1 април 2019 година, со цел да се утврди дали постапките за јавна набавка со проценета вредност над 500.000 евра во денарска противвредност за стоки или услуги и над 2.000.000 евра во денарска противвредност кај набавката на работи, како и која било постапка за јавна набавка врз основа на проценка на ризиците од кршење на одредбите од овој закон и по случаен избор се спроведени правилно и согласно законот.

Начинот на вршење на управна контрола е пропишана во Глава IX, односно членовите 172-180 од законот, како и Правилникот за начинот на избор на постапките за јавни набавки кои ќе бидат предмет на управна контрола, како и за начинот на

вршење управна контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/2019) и Правилникот за содржината на записникот од извршената управна контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/2019).

Од 1 април 2019 година, па до крајот на 2019 година, Бирото за јавни набавки спроведе управна контрола на 128 постапки за јавни набавки. По проверка на целокупната документација за секоја постапка за јавна набавка поединечно достапна на Електронскиот систем за јавни набавки, Бирото во 80 постапки утврди дека не се констатирани неправилности кои влијаат врз исходот на постапката и дадени се инструкции за договорниот орган да продолжи со постапката согласно законот. Од овие, во 14 постапки одговорното лице донело одлука за поништување на постапката за јавна набавка, а Бирото за јавни набавки по спроведената управна контрола ги потврдило исполнетоста на условите за истото.

Во 20 постапки за јавни набавки, Бирото за јавни набавки при вршење на управна контрола утврдило неправилности кои влијаат на исходот на постапката и кои не можат да се отстранат, па дадени се инструкции на договорниот орган да донесе Одлука за поништување на постапката. Во 20 постапки за јавни набавки утврдени се неправилности кои влијаат на исходот на постапката и истите се вратени на повторна евалуација; а кај 8 постапки не е спроведена управна контрола бидејќи не се исполнети условите согласно член 172 од Законот.

Во Табела бр. 6.1 е даден приказ на преземени дејствија од страна Бирото за јавни набавки по спроведена управна контрола по број на постапки за јавни набавки, согласно член 177 од Законот за јавните набавки.

Табела 6.1

| Дејство на управната контрола согласно член 177 од законот | Број на постапки |
|---|---|
| Не се утврдени неправилности, постапката може да продолжи согласно законските одредби | 66 |
| Дадени инструкции за поништување на постапката заради | 20 |

| | |
|---|---|
| утврдени неправилности кои влијаат врз исходот на постапката, а кои не можат да се отстранат | |
| Дадени се инструкции за повторна евалуација на понудите заради утврдени неправилности кои влијаат на исходот на постапката, а кои можат да се отстранат | 20 |
| Констатирано поништување на постапката по донесена Одлука за поништување од страна на договорниот орган | 14 |
| Не е спроведена управна контрола | 8 |
| **Вкупно** | **128** |

Во продолжение, во Графикон бр. 6.1, дадени се вредностите изразени во проценти, а кои произлегуваат од оваа табела.

Графикон 6.1




Кај постапките за јавна набавка кај кои Бирото за јавни набавки утврдило неправилности кои влијаат на исходот на постапката, дополнително образложение имаат доставено 10 (десет) договорни органи, од кои девет дополнителни образоженија не се прифатени од страна на Бирото, па постапките за јавни набавки се доставени до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Во една постапка, дополнителното образложение и истакнатите наоди од страна на договорниот орган се прифатени од Бирото, и врз основа на истите изготвен е изменет Записник од спроведената Управна контрола.

Во Табела бр. 6.2 е даден приказ на преземените дејствија на Бирото за јавни набавки по добиените дополнителни образложенија од страна на договорните органи.

Табела 6.2

| Постапување на Бирото за јавни набавки по добиено дополнително образложение | Број на постапки |
|---|---|
| Прифатено дополнително образложение и донесување на Измена на Записник од спроведена управна контрола | 1 |
| Неприфаќање на дополнително образложение и препраќање на постапката за јавна набавка до Државната комисија за жалби по јавни набавки | 9 |
| **Вкупно доставени дополнителни образложенија** | **10** |

По доставување на документацијата преку ЕСЈН, Државната комисија ги разгледува дадените инструкции на Бирото и дополнителното образложение на договорниот орган, и притоа одлучува дали дополнителното образложение е прифатливо.

*Согласно член 55 став 1, точка в) и г) од законот, пред отпочнување со постапката со преговарање без претходно објавување на оглас, договорниот орган треба да обезбеди мислење од Бирото за јавни набавки за исполнетоста на условите за спроведување на оваа постапка.*

Во 2019 година, по однос на доставените дополнителни образложенија, Државната комисија за жалби по јавни набавки со Решение ја потврди Одлуката за неприфаќање на дополнителното образложение донесена од страна на Бирото за јавни набавки во 6 (шест) постапки за јавни набавки, во 2 (две) постапки за јавна набавка ја отфрли Одлуката за неприфаќање на дополнителното образложение како неуредна, а во 1 (една) постапка за јавна набавка со Решение ја поништи Одлуката за неприфаќање на дополнителното образложение на Бирото за јавни набавки и го прифати дополнителното образложение на договорниот орган.

Во продолжение е даден табеларен приказ (Табела бр. 6.3) на овие податоци.

Табела 6.3

| Решение на ДКЖЈН | Број на решенија од ДКЖЈН |
|---|---|
| Решение со кое се потврдува Одлуката за неприфаќање на дополнителното образложение | 6 |

| | |
|---|---|
| Решение со кое се отфрла Одлуката за неприфаќање на дополнителното образложение како неуредна | 2 |
| Решение со кое се поништува Одлуката за неприфаќање на дополнителното образложение и се прифаќа дополнителното образложение на договорниот орган | 1 |
| **Вкупно** | **9** |

## 6.2. Податоци од спроведена претходна контрола

*Во 2019 година пристигнати се вкупно 254 барања за претходно мислење:*
- *187 согласно член 55 став 1 точка в*
- *59 согласно член 55 став 1 точка г*

Одделението за претходна контрола, во рамките на Секторот за управна контрола, ги разгледува добиените барања за мислење и изготвува претходно мислење врз основа на добиеното барање и придружната документација.

Законот за јавните набавки во членот 55 став 1, точка в, ги обврзува договорните органи да побараат претходно мислење од Бирото во следните случаи:

- кога целта на јавната набавка е да се создаде или добие уникатно уметничко дело или уметнички изведби,
- кога поради технички причини нема конкуренција за предметот на набавката или
- за заштита на ексклузивни права, вклучувајќи ги и правата на интелектуална сопственост.

Согласно член 55 став 1, точка г од законот, договорниот орган бара претходно мислење од Бирото кога има потреба за спроведување на постапка од крајна итност, предизвикана како резултат на настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди и притоа, роковите за другите постапки не можат да се применат.

Од 01.04.2019 до 31.12.2019 година, до Бирото за јавни набавки пристигнати се вкупно 254 барања за претходно мислење, од кои во 187 како основ за спроведување на постапка со преговање без објавување на оглас упатуваат на член 55 став 1 точка в), а во 59 барања за претходно мислење за спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас, договорните

органи се повикале на член 55 став 1 точка г), односно од крајна итност.

Во однос на добиените барања за мислење согласно член 55 став 1, точка в), Бирото за јавни набавки во 97 случаи од добиените барања за претходно мислење се произнело со мислење дека се исполнети условите за спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас. Во однос на добиените барања за претходно мислење согласно член 55 став 1, точка г) од законот, од добиените 59 барања, а врз основа на доставената документација во прилог на барањето, во 23 случаи Бирото се произнело со мислење дека се исполнети условите за отпочнување со постапка по крајна итност.

Во Графикон 6.2 даден е графички преглед на добиените барања за претходно мислење согласно член 55 став 1 точка в и г од Законот за јавните набавки.

Графикон 6.2




Во Графикон 6.3 даден е преглед на позитивните и негативните мислења од добиените барања за отпочнување на постапка со преговарање бев објавување на оглас по член 55 став 1 точка в од Законот за јавните набавки.

Графикон 6.3




Во Графикон 6.4 даден е преглед на позитивните и негативните мислења од добиените барања за отпочнување на постапка со преговарање бев објавување на оглас по член 55 став 1 точка г од Законот за јавните набавки.

Графикон 6.4



# 7. Користење на Електронскиот систем за јавни набавки

*Бирото за јавни набавки постојано го надградува Електронскиот систем за јавни набавки со нови модули и функционалности со цел олеснување на пристапот на корисниците и поефикасно спроведување на електронските постапки за јавна набавка.*

Преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) сите договорни органи во Република Северна Македонија ги спроведуваат своите постапки за јавни набавки по електронски пат. Имено, постапките за јавни набавки задолжително се објавуваат на ЕСЈН заедно со тендерската документација која можат да ја преземат регистрираните економски оператори, додека нерегистрираните економски оператори можат само да ја прегледаат тендерската документација и доколку се заинтересирани да се регистрираат на ЕСЈН. Спроведувањето на набавките преку ЕСЈН подразбира дека сите дејствија во постапката (од поднесување на понуди, јавното отворање и евалауција, донесување одлуки, е-жалба, управна контрола, известувања за донесените одлуки, комуникација со економски оператори) се спроведуваат во електронска форма.

*Од 1 јануари 2018 година договорните органи се должни 100% од постапките да ги спроведуваат со електронски средства.*

Бирото за јавни набавки согласно надлежностите управува со ЕСЈН, го развива и го унапредува системот, а се со цел непречено спроведување на јавните набавки во РСМ, зголемување на транспарентноста, ефикасноста и економичноста на постапките за јавни набавки, како и олеснување на пристапот на корисниците. Електронскиот систем се надградува и унапредува во континуитет, и особено како резултат на промена на регулативата во областа на јавните набавки.

Во 2019 година со стапувањето во сила на новиот Закон за јавните набавки, се имплементираа значителен број на надградби на системот со цел прилагодување на постојните и развој на нови модули на ЕСЈН, како и усогласување на правната регулатива поврзана со користењето на ЕСЈН.

Само дел од поголемите надградби и нови функционалности на ЕСЈН кои произлезлегоа од новото законско решение се:

- Објавување на годишните планови за јавни набавки и нивните измени на ЕСЈН од страна на договорните органи;
- Единствен документ за докажување способност;
- Електронско спроведување на технички дијалог (претходна проверка на пазарот);
- Воведување на единствена електронска евиденција на постапките за јавни набавки – евидентна книга и евидентен лист;
- Воведување на нови видови на постапки (прилагодување на постоечките и воведување на нови модули);
- Воведување динамичен систем за набавки;
- Електронско спроведување на мини тендерите кај рамковни спогодби;
- Овозможување целосно електронско спроведување на постапките за јавни набавки кои досега се спроведуваа во хартиена форма (постапка со преговарање, конкурентен дијалог, квалификациски систем...);
- Нови видови на известувања во согласност со законот (меѓу кои и Известување за доброволна претходна транспарентност, Известување за измена на договор, Известување за реализиран договор);
- Квартални евиденции;
- Воведување електронски каталози и концепт на е-пазар и набавки од мала вредност (во фаза на имплементација);
- Воведување на Е- жалби;
- Модул на ЕСЈН за спроведување на Управна контрола;
- Електронско архивирање на документите од постапките за јавни набавки на ЕСЈН;

- Целосно прилагодување на електронскиот систем за јавни набавки со роковите и другите услови предвидени во новиот Закон за јавните набавки;

Со цел одржување на стабилноста на системот надградбите се поставуваат по утврдена динамика и приоритет. Во пристапот кон унапредување на постоечките и развој на нови модули на системот, Бирото за јавни набавки прави детална анализа на влијанието врз стабилноста и безбедноста на системот и можните ефекти од поставените решенија врз целокупната база на ЕСЈН, а со цел зачувување на интегритетот на постапките за јавни набавки.

Со последните надградби на ЕСЈН во согласност со Законот за јавните набавки се заокружува електронското спроведување на постапките за јавни набавки, односно сите активности во постапката (почнувајќи од електронско планирање и завршување со е-жалба, прикачувањето склучени договори и известувања за реализиран договор) се вршат електронски. Според новиот Законот за јавни набавки, спроведувањето на електронска аукција не е задолжителна, истата е опционална.

Имајќи ги во предвид основните карактеристики на електронските системи за јавни набавки ПОЛЕСНО, ПОБРЗО, ПОЕФТИНО (easy, faster, cheper) со сигурност може да се каже дека со е-набавките се поедноставува начинот на спроведување на постапките, се постигнуваат подобри резултати, се олеснува и забрзува комуникацијата помеѓу договорните органи и економските оператори, се намалува времетраењето на постапките, се зголемува транспарентноста и фер конкуренцијата, а исто така и се намалуваат трошоците преку подобрување на ефикасноста на јавните расходи. Дополнително, електронските набавки ја зголемуваат довербата во системот за јавни набавки што се забележува преку зголемена регистрација на ЕСЈН и учеството на малите и средни претпријатија во постапките за јавни набавки

Со цел непречено и успешно користење на Електонскиот систем за јавни набавки од страна на корисниците, како и запознавање со надградбите на системот, Бирото за јавни набавки спроведува континуирани обуки за корисниците кои вклучуваат и практични вежби за користење на системот.

По имплементација нана поголеми функционалности на ЕСЈН кои претставуваат новина на системот, на јавната страна се поставуваат известувања, за определени насоки и упатства во врска со определена функционалност, Бирото за јавни набавки - Секторот за развој и унапредување на ЕСЈН ги известува корисниците со циркуларни е-маил пораки/известувања. Секако во рамките за тековното функционирање, Секторот за развој и унапредување на ЕСЈН им стои на располагање на корисниците за сите нејаснотии и потешкотии при користењето на системот преку воспоставени механизми за корисничка поддршка.

За сите надградби на системот, вклучително и прилагодување на веќе постоечките модули, во тек е изработка на нови прирачници, каде ќе бидат опфатени сите измени и надградби на ЕСЈН, со што уште повеќе ќе се олесни користењето на системот. Прирачниците ќе бидат објавени на јавната страна на ЕСЈН, по изработката и поставувањето на сите нови функционалности на ЕСЈН кои произлегоа од новиот Закон.

Корисниците на ЕСЈН во секојдневното користење на системот ги согледуваат адаптираните и подобрени модули кои се поставуваат на живата апликација и учествуваат со давање на предлози до Бирото, за подобрување на постоечките и развој на нови модули со цел поефикасно користење и минимизирање на можностите за грешки, а преку тоа и потврдување на интегритетот на постапките, заштеда на човечки ресурси и навременост во обезбедувањето на потребните набавки.

*Во поглед на користењето на системот, а како резултат на сите досега спроведени активности, за 2019 година позначајни показатели се:*

*- корисници на ЕСЈН се 1.489 договорни органи и преку 6.941 активни економски оператори;*

*- објавени се* ***22.538*** *огласи,* ***32.065*** *известувања од различен вид и* ***22.535*** *тендерски документации;*

*- спроведени се вкупно 40.159 аукции*

Во поглед на користењето на системот, а како резултат на сите досега спроведени активности, во 2019 година постигнато е следното:

- системот го користат 1.489 договорни органи (со вкупно 27.331 корисници во рамките на ДО од кои 19.717 се активни корисници) и 6.941 активни економски оператори (од вкупно регистрирани 15.856 ЕО);
- над 1.420 одговорени прашања преку линкот прашања и одговори на ЕСЈН поставени од договорни органи и економски оператори во врска со начинот на функционирање и користење на ЕСЈН во текот на 2019 година;
- објавени се 22.538 огласи и 32.065 известувања од различен вид;
- вкупно објавени тендерски документации – 22.535 (не се објавани само оние за кои законот дозволува);
- спроведени се 40.159 аукции, односно во просек 153 аукции дневно (само работни денови).

Во поглед на посетеноста и користењето на системот во 2019 година, податоци се дадени во следниве табели и графикони:

Табела 7.1

| **Прегледи на страни** | |
|---|---|
| Вкупно прегледи на страни | 21.761.952 |
| Просечно прегледи на страни по ден | 86.357 |
| Просечно прегледи на страни по посетител | 8 |
| **Посетители** | |
| Вкупно посетители | 2.561.378 |
| Просечно посетители по ден | 10.164 |
| Вкупно уникатни ИП адреси | 760.845 |

Според податоците од Електронскиот систем за јавни набавки во 2019 година ЕСЈН ја посетиле 2.561.378 посетители.

Графикон 7.1 – Активности по ден во неделата




Графикон 7.2 – Активности по час во денот




Графикон 7.3 – Посетители по држави




Графикон 7.4 – Најголеми препраќачи




Графикон 7.5 – Веб-прелиствувачи на посетители




Графикон 7.6 – Тип на уреди



# 8. Анализа на пазарот за јавни набавки во 2019 година

Во оваа глава е дадена квалитативна и квантитативна анализа на пазарот на јавните набавки во Република Северна Македонија за 2019 година. Податоците се категоризирани по разни параметри и видови, со цел подобро да се согледа состојбата во областа на јавните набавки, финансиските текови и импликациите врз јавната потрошувачка преку спроведените набавки. Прикажаните податоци кои се дадени во овој извештај се однесуваат на огласите за јавна набавка, конкурси за избор на идејно решение, прилози, поништувања и сите договори склучени за јавни набавки во дадениот период. Сите наведени обрасци се објавени и јавно достапни за прегледување на ЕСЈН.

*Во 2019 година се доделени 32.065 договори за јавни набавки во вкупна вредност од околу 55.8 милијарди денари или преку 900 милиони евра*

Прибраните податоци се анализираат со употреба на модулот за следење и статистички приказ на трендовите во јавните набавки, имплементиран на Електронскиот систем за јавни набавки. Базата на податоци на ЕСЈН е единствена од ваков вид и ги отсликува целокупните и реални случувања во областа на јавните набавки во земјава и сите анализи се направени со помош на алатката - Business Intelligence Semantic Model (BISM) за статистички извештаи и со тоа овозможено е напредно филтрирање, правење бројни анализи за процесот на јавни набавки и споредба на движењето на трендовите за различни временски интервали со што се овозможува да се прават уште по детални анализи од базата на ЕСЈН.

Алатката за навремено и задолжително доставување на информации за постапките, воведена на ЕСЈН, овозможува прибирање на целосни и релевантни податоци и вршење на компаративна анализа на податоците која ги опфаќа сите договорни органи и сите спроведени постапки за јавни набавки, па затоа дадените податоци во понатамошниот текст даваат целосна слика за состојбата на пазарот на јавните набавки за 2019

година. Сепак, треба да се напомене дека точноста на дадените податоци, може да отстапува со минимална статистичка грешка, која што се должи на неправилно внесување на некои од вредностите при пополнувањето на известувањата на ЕСЈН. Имено, одговорност на договорните органи е правилно да ги пополнуваат електронските обрасци, а поради видот и обемот на процесот на пополнување, не е можно автоматска контрола или прегледување на пополнетите обрасци од страна на Бирото.

*Уделот на јавните набавки во вредноста на БДП во Македонија за 2019г. изнесува 8%*

Бројката на доделени договори за јавни набавки за 2019 година, добиена од базата на податоци на ЕСЈН изнесува – **32.065** договори за јавни набавки, во вкупна вредност од **55.817.553.768 денари** (околу 55.8 милијарди ден.) или преку 900 милиони евра. Вредноста на јавните набавки во државата за 2019 година изнесува 8% од БДП и 24% од Буџетот на Република Северна Македонија. Според податоците со кои располага Бирото, вредноста на склучените договори во 2019 година, споредено со претходната година е зголемена за околу 20%, додека бројот на склучените договори (30.291 склучени договори минатата година) е зголемен за 6% во однос на 2018 година.

*Уделот на јавните набавки во буџетот на Република Македонија за 2019 г. изнесува 24%*

Во графикон 8.1. и графикон 8.2 е прикажана споредба на бројот и вредноста на склучените договори во изминатите три години. Споредбени податоци за обемот на јавните набавки како удел во БДП-то и буџетот за 2019 година се дадени во табела бр.8.1

Графикон 8.1




Графикон 8.2




Табела 8.1

| Година | Вредност на склучените договори за јавни набавки | Јавните набавки како процент од Буџетот | Јавните набавки како процент од БДП |
|---|---|---|---|
| 2019 | 55.8 милијарди денари | 24%[3] | 8%[4] |
| 2018 | 46.4 милијарди денари | 22% | 7% |
| 2017 | 38.2 милијарди денари | 19% | 6% |

## 8.1. Податоци од огласите за доделување на договори за јавни набавки

*Во 2019 година објавени се 22.538 огласи за доделување на договори за јавни набавки*

На 1 април 2019 година започна да се применува новиот Закон за јавни набавки се воведоа и нови видови на постапки, а некои од постоечките повеќе не се користат. На пример, постапките барање за прибирање на понуди до 5000 евра и до 20.000 евра за стоки и услуги 50.000 евра во денарска

[3] „Буџет на Република Македонија за 2019 година" – преземено од веб страната на Министерството за финансии.
[4] „Бруто-домашен производ, четврто тримесечје од 2019 година" – преземено од веб страната на Државен завод за статистика.

противвредност за работи, повеќе не се предвидени во новиот закон.

Во 2019 година се објавени 22.538 огласи за јавни набавки, од кои 2.843 огласи за барање за прибирање на понуди со проценета вредност до 5.000 евра во денарска противвредност, 2.047 огласи за барање за прибирање на понуди со проценета вредност на договорот за јавна набавка за стоки и услуги до 20.000 евра во денарска противвредност и на работи до 50.000 евра во денарска противвредност, податокот за овој вид на постапка е заклучно со 31 март, а од 1 април не се користи овој вид на постапка. Нови видови на постапки кои се воведени согласно новиот закон се набавка од мала вредност каде се објавени вкупно 8.560 огласи, поедноставена отворена постапка каде има објавено вкупно 5.892 огласи, конкурентна постапка со преговарање каде има објавено само 1 оглас, 3.173 огласи за отворена постапка, 5 објавени огласи за постапка со преговарање со претходно објавување на оглас, 6 огласи за воспоставување на квалификациски систем и 10 објавени огласи за конкурс за избор на идејно решение.

Во Табела 8.2 и Графикон 8.3 даден е приказ на бројот на објавени огласи според видот на постапката.

Табела 8.2

| Вид на постапка | Број на огласи |
|---|---|
| **Барање за прибирање на понуди** | 2.843 |
| **Барање за прибирање на понуди** | 2.047 |
| **Набавка од мала вредност** | 8.560 |
| **Поедноставена постапка** | 5.892 |
| **Отворена постапка** | 3.173 |
| **Постапка со преговарање со претходно објавување на оглас** | 5 |
| **Конкурентен дијалог** | 1 |
| **Квалификациски систем** | 6 |
| **Конкурс за избор на идејно решение** | 10 |
| **Конкурентна постапка со преговарање** | 1 |
| **Вкупно** | **22.538** |

Графикон 8.3




Најмногу огласи за јавна набавка во 2019 година се објавени со набавка од мала вредност, вкупно 8.560 и со поедноставена отворена постапка 5.892 огласи. Во 2019 година објавени се вкупно 22.538 огласи за јавна набавка, и може да се констатира дека бројот на објавени огласи е зголемен за 1132 огласи во однос на 2018 година кога биле објавени вкупно 21.406 огласи. Во 2019 година нема објавено оглас за ограничена постапка и оглас за партнерство за иновации.

Во 2019 година објавени се вкупно 6 огласи за квалификациски систем додека во 2018 година се објавени 5 огласи за воспоставување на квалификациски систем. Од вкупниот број на објавени огласи во 2019 година, објавени се само 10 огласи за воспоставување на јавно приватно партнерство кои се доделуваат како договор за јавна набавка.

Во графикон 8.4 е даден односот на објавени огласи – отворена постапка и барање за прибирање на понуди – за последните три години.

Графикон 8.4




Од графиконот 8.4 може да се забележи дека постапката Барање за прибирање на понуди е намалена во однос на претходните две години, податокот за овој вид на постапка е заклучно со 31 март, бидејќи од 1 април не се користи овој вид на постапка. Намалување има и кај отворената постапка, затоа што е зголемен прагот по новиот Закон и не вклучува голем дел од постапките.

Во категоријата *Посебни услуги* од страна на договорните органи на системот се објавени вкупно 472 огласи во 2019 година. Станува збор за огласи за јавна набавка кои согласно Правилникот за видовите на посебни услуги се предмет на договорите за јавни набавки на услуги, како што се: социјални, хотелски, угостителски, меѓународни услуги, културни, образовни, поштенски, правни услуги кои не се исклучени од примена од Законот за јавните набавки, здравствени и други услуги.

На Електронскиот систем за јавни набавки во посебен модул за концесии за јавни работи и јавни услуги се објавуваат и огласите за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство кое се остварува како концесија за јавна

работа или како концесија за јавна услуга согласно член 19 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство. Во 2019 година објавени се вкупно 4 вакви огласи.

Од анализата на бројот на огласите според видот на предметот на договорот за јавна набавка, се забележува дека најмногу огласи се објавени за набавка на стоки, и тоа 12.144 огласи, за услуги се објавени – 8.138, и за работи –2.246 огласи. Објавените огласи за доделување на договор според видот на договорот за јавна набавка се дадени во табела 8.3 и графикон 8.5. Компаративни податоци за последните 3 години се дадени во графикон 8.6.

Табела 8.3

| Вид на договорот за јавна набавка | Број на огласи |
|---|---|
| **Стоки** | 12.144 |
| **Услуги** | 8.138 |
| **Работи** | 2.246 |
| **Вкупно** | **22.528** |

Графикон 8.5



Графикон 8.6




Во наредните неколку табели дадени се подетални податоци за објавените огласи за јавна набавка, според видот на договорот и начинот на реализација на истиот.

Табела 8.4

| Вид на договорот за јавна набавка – Стоки | Број на огласи |
|---|---|
| **Купување** | 6.377 |
| **Купување со одложено плаќање** | 5.717 |
| **Изнајмување без опција за купување на стоките** | 38 |
| **Комбинација на претходните** | 7 |
| **Изнајмување со опција за купување на стоките** | 5 |
| **Вкупно** | **12.144** |

Табела 8.5

| Вид на договорот за јавна набавка – Услуги | Број на огласи |
|---|---|
| **Услуги за одржување и поправка** | 2.270 |
| **Архитектонски и инженерски услуги** | 1.056 |
| **Информатички и поврзани услуги** | 601 |
| **Финансиски услуги** | 525 |
| **Телекомуникациски услуги** | 472 |
| **Услуги за копнен транспорт** | 494 |
| **Други услуги** | 370 |
| **Издавачки и печатарски услуги** | 376 |
| **Здравствени и социјални услуги** | 336 |

| | |
|---|---|
| Услуги за привремено вработување | 237 |
| Услуги за отстранување на отпадни води и на смет | 244 |
| Сметководствени, ревизорски и книговодителски услуги | 156 |
| Хотелски и угостителски услуги | 154 |
| Истражни и безбедносни услуги | 149 |
| Услуги за воздушен транспорт на луѓе и товар | 131 |
| Услуги за чистење на објекти и услуги за управување со имот | 125 |
| Образовни услуги и услуги за стручно усовршување | 96 |
| Услуги за развој и истражување | 49 |
| Рекреативни, културни и спортски услуги | 51 |
| Услуги за копнен и воздушен транспорт на поштенски пратки | 44 |
| Рекламни услуги | 68 |
| Советодавни услуги за менаџментот | 30 |
| Дополнителни транспортни услуги | 49 |
| Услуги за истражување на пазарот и истражување на јавното мислење | 15 |
| Правни услуги | 35 |
| Вкупно | 8.138 |

Табела 8.6

| Вид на договорот за јавна набавка – Работи | Број на огласи |
|---|---|
| Изведување | 2.035 |
| Реализирање, со какви било средства | 161 |
| Проектирање и изведување | 48 |
| **Вкупно** | **2.246** |

*Во 2019 година најмногу огласи – 13.430 имаат објавено договорни органи од категорија правни лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес - Член 9 став 1 алинеја б) од законот*

Вкупниот број на објавени огласи за јавна набавка според категорија на договорни органи, согласно член 9 од Законот за јавните набавки и Одлуката за утврдување на индикативниот список на договорни органи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 13/20) е прикажана во табела 8.7 и графикон 8.7.

Табела 8.7

| Категорија на договорен орган | Број на огласи |
|---|---|
| Државни органи | 3.257 |
| Органи на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје | 3.899 |
| Правни лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес – Член 9 став 1 алинеја б) од Законот | 13.430 |
| Здруженија основани од еден или повеќе договорни органи | 14 |
| Јавни претпријатија, акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност од опфатени дејности | 1.922 |

| | |
|---|---|
| **Други договорни органи** | 16 |
| **Вкупно** | **22.538** |

Графикон 8.7




Од анализата на податоците за објавени огласи за јавна набавка според категорија на договорен орган, може да се види дека најмногу огласи – 13.430 имаат објавено договорни органи од категорија правни лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес - Член 9 став 1 алинеја б) од законот и договорни органи од категоријата на органи на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје – 3.899 огласи.

При разгледување на податоците од огласите, односно кој вид на критериум за доделување на договор за јавни набавки договорните органи го користеле во спроведените постапки, може да утврдиме дека критериумот најниска цена се користи во поголем број на огласите во однос на другите критериуми. Во табелата бр. 8.8 се дадени податоци за бројот на објавени огласи според критериумот за доделување на договорот за јавна набавка кој е користен во постапката. Согласно новото законско решение кое започна да се применува од 01.04.2019 година предвидена е економски најповолна понуда како единствен критериум за избор на најповолна понуда, при што овој критериум може да се спроведе со користење на најниската цена, најдобар однос на

цената и квалитетот и исплатливост, односно трошоци на животен век на предметот на набавка

Табела 8.8

| Критериум за избор на најповолна понуда | Број на огласи |
|---|---|
| Најниска цена | 21.964 |
| Економски најповолна понуда (според стариот закон) | 12 |
| Без критериум – согласно законот (конкурс за ибор на идејно решение) | 10 |
| Најдобар однос помеѓу цена и квалитет | 545 |
| Трошоци на користење на пристап на исплатливост | 7 |
| Вкупно | 22.538 |

Со воведувањето на новиот Закон објавата на проценетата вредност станува опционална. Колку од договорните органи од 1 април 2019 година, при објавата на оглас е избрале опцијата дали да се објави проценетата вредност во Табела 8.9 е даден детален приказ.

Табела 8.9

| Објавување на проценета вредност (*податоци од 1-ви Април 2019) | Број на огласи |
|---|---|
| Да | 4270 |
| Не | 11736 |
| Вкупно | 16006 |

Во графиконот 8.8 е прикажана динамиката на објавување на огласите по месеци. Од овој графикон може да се види дека најголем број на објавени огласи се во месец март пред да стапи на сила новиот Закон како и во месеците октомври и ноември 2019 година.

Графикон 8.8




## 8.2. Склучени договори за јавни набавки

*Вредноста на склучените договори во 2019 година изнесува 55.8 милијарди денари*

Анализата на податоците за склучени договори за јавни набавки опфаќа приказ на податоците за склучените договори во 2019 година по различни параметри. Сите податоци во врска со склучените договори за јавни набавки се објавени на ЕСЈН https://e-nabavki.gov.mk и се целосно достапни на јавноста. Договорните органи се одговорни за веродостојноста и точноста на внесените податоци бидејќи со своите кориснички имиња и лозинки преку ЕСЈН ги објавуваат своите огласи, известувања за склучени договори/поништување на постапките, евиденција на постапките со барање за прибирање на понуди, квартални евиденции.

*Во однос на минатата година, вредноста на склучените договори е зголемена за 20 %*

Бројот и вредноста на склучените договори за јавни набавки за 2019 година според видот на постапката за јавна набавка се претставени во табела 8.10 и графиконот 8.9. Вкупната вредност на склучените договори за јавни набавки во 2019 година е зголемена за околу 20% во споредба со 2018 година и изнесува 55.817.553.768 денари. Најкористена постапка според вредноста на склучените договори е отворената постапка преку која се склучени 7.494 договори во вредност од 35.188.390.441 ден., односно 63% од вкупната вредност на јавните набавки во

Република Северна Македонија. По отворената постапка, следи поедноставена отворена постапка - склучени 5.724 договори во вредност од 9.143.107.498 ден. – 16% од вкупната вредност.

Табела 8.10

| Вид на постапка за доделување на договор | Број на склучени договори | Вредност на склучените договори |
|---|---|---|
| **Постапка со барање за прибирање на понуди** | 3.453 | 481.009.244 ден. |
| **Постапка со барање за прибирање на понуди** | 3.459 | 1.710.824.276 ден. |
| **Набавка од мала вредност** | 6.846 | 1.645.736.818 ден. |
| **Поедноставена отворена постапка** | 5.724 | 9.143.107.498 ден. |
| **Отворена постапка** | 7.494 | 35.188.390.441 ден. |
| **Квалификациски систем** | 62 | 2.115.740.966 ден. |
| **Постапка со преговарање со претходно објавување на оглас** | 8 | 2.612.596.281 ден. |
| **Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас** | 376 | 2.325.853.248 ден. |
| **Доделување на договор за јавна набавка за категорија на услуги 17-27 (вкупно)** | 556 | 179.286.405 ден. |
| **Посебни услуги** | 4.087 | 415.008.590 ден. |
| **Вкупно** | **32.065** | **55.817.553.768 ден.** |

Графикон 8.9



Во поглед на користење на различните видови постапки во споредба со минатите години забележливи се одредени трендови и минимални разлики во однос на минатите две години. Имено, најголем процент од вредноста на склучените договори отпаѓа на отворената постапка (во 2017 - 75%, во 2018 – 77%, во 2019 – 63%). Уделот на постапката со преговарање со објавување на оглас е зголемен во 2019 година изнесува 4% (во 2018 – 1% во 2017 - 1%). Постапката со преговарање без објавување на оглас во 2019 има удел од 4% од вредноста на склучените договори (2017 – 5%, 2018 – 4%). За овој тип на постапка во 2017 година имало 497 договори со вредност од 1.796.461.470 денари, во 2018 година се забележува зголемување на бројот на склучени договори (603 договори) и на вредноста на склучените договори - 2.060.086.171 денари, додека во 2019 година се намалува бројот на склучени договор - 376 а вредноста на склучените договори е зголемена (2.325.853.248 денари). Подетални податоци за постапките со преговарање ќе бидат презентирани во натамошниот текст на овој извештај. Во графикон бр. 8.10 и 8.11 е дадена споредба на бројот и вредноста на склучените договори по отворена постапка за последните три години. Како што може да се забележи имаме значително намалување на бројот на склучени договори што се должи на воведување на поедноставената отворена постапка со вредностен праг од 70.000 евра за стоки и услуги и 500.000 евра за работи.

Графикон 8.10




Графикон 8.11



### 8.2.1. Податоци за склучените договори според видот на договорот за јавна набавка

Според предметот на договорот за јавна набавка во 2019 година склучени се 17.413 договори за набавка на стоки со вкупна вредност од 27.740.058.767 денари, 12.909 договори за набавка на услуги во вкупна вредност од 15.066.555.181 денари и 1.743 договори за набавка на работи во вкупна вредност од 13.010.939.821 денари. Во графикон 8.12 и табелата 8.11 дадени се подетални податоци за бројот и вредноста на договорите според видот на предметот на договорот.

*Според видот на договорот за јавна набавка, најголем дел (50%) од вредноста на договорите за јавни набавки отпаѓа на набавка на стоки*

Графикон 8.12




Табела 8.11

| Вид на договорот за јавна набавка | Број на склучени договори | Вредност на склучените договори |
|---|---|---|
| Стоки | 17.413 | 27.740.058.767 ден. |
| Услуги | 12.909 | 15.066.555.181 ден. |
| Работи | 1.743 | 13.010.939.821 ден. |
| Вкупно | 32.065 | 55.817.553.768 ден. |

Најголем дел (50%) од вредноста на договорите за јавни набавки отпаѓа на набавка на стоки. Најчесто користени начини

на реализација на договорот за набавка на стоки се купување и купување со одложено плаќање. Од споредбата на податоците за вредноста на склучените договори според видот на договорот се забележува дека во 2019 година има зголемување на уделот на набавките на стоки за 5%, уделот на набавките на услуги е зголемен за 31%, додека уделот на набавката на работи е зголемен за 52% во однос на претходната година. Вредносниот удел на договорите за услуги, во вкупната вредност на јавните набавки во 2019 година изнесува 27% (во 2018 бил 25%, додека во 2017 истиот изнесувал 32%). Во нивната структура може да се забележи различна застапеност на категориите на услуги. Најголем дел од вредноста на договорите за јавна набавка на услуги отпаѓа на договорите за набавка на услуги за одржување и поправка (категорија бр.1), архитектонски и инжињерски услуги (категорија 23) и информатички и поврзани услуги (категорија бр.7). Уделот на договори за работи во вкупната вредност на договорите изнесува 23% (најчесто изведување). Овој податок говори дека во однос на 2018 година уделот на набавките на работи е зголемен за 5 процентни поени.

### 8.2.2. Податоци за склучените договори според категорија на договорен орган

Во понатамошниот текст се презентирани бројот и вредноста на склучените договори по категорија на договорен орган и негова главна активност или дејност (табела 8.12 и графикон 8.13).

Графикон 8.13




Табела 8.12

| Категорија на договорен орган | Главна активност | Број на договори | Вредност на склучените договори |
|---|---|---|---|
| А. Државни органи | Домување, градежништво и транспорт | 22 | 7.346.079 ден. |
| | Економија и финансии | 209 | 188.359.162 ден. |
| | Животна средина | 54 | 134.885.229 ден. |
| | Здравство | 98 | 1.788.267.236 ден. |
| | Јавен ред и безбедност | 185 | 1.081.534.224 ден. |
| | Образование | 120 | 908.421.417 ден. |
| | Одбрана | 325 | 1.021.079.037 ден. |
| | Општи јавни услуги | 2510 | 5.159.941.082 ден. |
| | Социјална заштита | 95 | 159.997.426 ден. |
| | Спорт и култура | 78 | 34.311.880 ден. |
| | Друго | 266 | 175.256.041 ден. |
| | **Вкупно А.** | 3962 | 10.659.398.815 ден. |
| Б. Органи на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје | Образование | 2 | 1.259.000 ден. |
| | Општи јавни услуги | 4520 | 8.148.602.585 ден. |
| | **Вкупно Б.** | 4522 | 8.149.861.585 ден. |
| | Домување, градежништво и транспорт | 96 | 954.688.728 ден. |
| | Економија и финансии | 105 | 59.838.891 ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| В. Правни лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес | Животна средина | 266 | 260.810.450 ден. |
| | Здравство | 8280 | 7.902.801.819 ден. |
| | Јавен ред и безбедност | 299 | 128.415.488 ден. |
| | Образование | 4734 | 2.340.544.035 ден. |
| | Општи јавни услуги | 4436 | 8.800.604.918 ден. |
| | Социјална заштита | 1647 | 889.412.104 ден. |
| | Спорт и култура | 816 | 394.043.468 ден. |
| | Друго | 716 | 1.685.860.223 ден. |
| | **Вкупно В.** | 21.395 | 23.417.020.124 ден. |
| Г. Здруженија основани од еден или повеќе договорни органи | Општи јавни услуги | 1 | 232.537 ден. |
| | Здравство | 5 | 1.128.645 ден. |
| | Друго | 17 | 12.925.754 ден. |
| | **Вкупно Г.** | 23 | 14.286.936 ден. |
| Д. Јавни претпријатија, акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност од опфатени дејности | Домување, градежништво и транспорт | 1 | 13.136.211 ден. |
| | Општи јавни услуги | 848 | 1.275.201.710 ден. |
| | Друго | 1271 | 7.035.269.539 ден. |
| | **Вкупно Д.** | 2120 | 8.323.607.459 ден. |
| Ѓ. Други договорни органи | Општи јавни услуги | 2 | 1.330.868.474 ден. |
| | Друго | 41 | 3.922.510.376 ден. |
| | **Вкупно Ѓ.** | 43 | 5.253.378.850 ден. |
| Вкупно | **Вкупно А+Б+В+Г+Д+Ѓ.** | 32.065 | 55.817.553.768 ден. |

*Најголем процент од вредноста на склучените договори оваа година отпаѓа на категоријата – Правни лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес – на кои отпаѓа 42% од вредноста на јавните набавки*

Во табелата е даден детален приказ на реализираните јавни набавки според категоријата и главната дејност на договорните органи. Најголем процент од вредноста на склучените договори оваа година отпаѓа на категоријата - правни лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес на кои отпаѓа **42%** од вредноста на јавните набавки. Понатаму, следни според реализираните јавни набавки Државните органи на кои отпаѓа по 19% од вредноста на јавните набавки. Јавните претпријатија, акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност од опфатени дејности и органи на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје им отпаѓа по 15% од вредноста на јавните набавки. Останатите договорни органи

заедно имаат удел од околу 9% во вкупната вредност на договорите за јавни набавки. Во споредба со 2018 година, се забележува намалување на уделот на склучени договори на државни органи (14% во 2017, 21% во 2018, 19% во 2019) и намалување на уделот на склучени договори кај правните лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес (42% во 2017, 46% во 2018, 42% во 2019) и зголемување од 2 процентни поени кај учеството на органи на единиците за локална самоуправа (во 2017 – 13%, во 2018 – 13%). Намалување на уделот на склучени договори се забележува кај Јавните претпријатија, акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност од опфатени дејности (2017 – 25%, 2018 – 13%, 2019 – 15%).

### 8.2.3. Податоци за склучените договори за јавни набавки според останати параметри

При анализа на динамиката на доделување на договори по месеци за 2019 година (графикон 8.14), може да се забележи тренд на склучување на најголем број од договорите во месец декември.

Графикон 8.14




Исто така, може да се напомене фактот дека во 2019 година склучени се 983 рамковни спогодби (во 2017 беа склучени вкупно 525 рамковни спогодби, во 2017 – 633 рамковни спогодби и во 2018 633 рамковни спогодби) и 372 договори за групна набавка (во 2017

беа склучени 520 договори за групна набавка, 467 договори во 2018).

Табела 8.13

| Рамковни спогодби во 2019 година | | број | вредност |
|---|---|---|---|
| Еден договорен орган | со еден економски оператор | 820 | 2.199.127.422 |
| | со повеќе економски оператори - со повторно прибирање понуди | 21 | 1.027.543.983 |
| | со повеќе економски оператори - без повторно прибирање понуди | 112 | 659.694.208 |
| | со повеќе економски оператори - делумно без повторно прибирање понуди | 4 | 1.148.875 |
| Повеќе договорни органи | со еден економски оператор | 4 | 1.139.935.371 |
| | со повеќе економски оператори - со повторно прибирање понуди | 1 | 999.999 |
| | со повеќе економски оператори - без повторно прибирање понуди | 21 | 5.900.000 |

Како што беше споменато на почетокот на ова поглавје постапката со преговарање со објавување на оглас има удел од 5% во 2019 година (во 2018 г. – 1%, во 2017 г. – 1%) . Ова зголемување се должи на измните во новот Закон за јавните набавки каде оваа постапка е редовна за јавни набавки од секторските дејности. Од друга страна постапката со преговарање без објавување на оглас има удел од 4% во 2019 година (во 2018 г. - 4%, во 2017 г. – 5%) во вкупниот износ на средства. Со новиот Закон за јавните набавки Бирото за јавни набавки има надлежност да дава мислења за исполнетоста на условите во постапката со преговарање без објавување на оглас, но и покрај тоа може да се забележи мало зголемување на вредноста на склучените договори во 2019 година за разлика од минатите години. Во 2019 година не е склучен договор за конкурентна постапка со преговарање. Споредба на податоците за последните три години се претставени во графиконите 8.15 и 8.16.

Графикон 8.15




Графикон 8.16



Во табела 8.14 и графикон 8.17 се претставени бројот и вредноста на склучените договори по овие постапки според причината за користење/законскиот основ за користењето на овие постапки.

Овие податоци говорат дека во последните три години уделот на постапките со преговарање со/без претходна објава на оглас во вкупната вредност на склучените договори е на релативно ниско ниво и не постојат значајни отстапувања. Со новиот закон за јавни набавки, постапката со преговарање со објавување на оглас станува редовна постапка за јавни набавки од секторските дејности. Исто така, со новиот закон за јавните набавки согласно член 45 став (1) алинеја 5 беше воведена нова надлежност на Бирото за јавни набавки, давање мислење за исполнетоста на условите во постапката со преговарање без објавување оглас согласно член 55 став (1) точки в) и г) од Законот.

Од податоците за постапките со преговарање може да се констатира дека најкористена причина/законска оправданост за употребата на постапката со преговарање без објавување на оглас се: членот 55 став (1) точка а) од законот, кога по претходно спроведени две отворени постапки или поедноставени отворени постапки не е поднесена ниту една понуда или ниту една соодветна понуда, односно кога по претходно спроведени две ограничени постапки не е поднесена ниту една пријава за учество или ниту една соодветна пријава за учество во првата фаза, под услов да не се значително сменети условите од тендерската документација по која отпаѓа 59% од вредноста на склучените договори за постапки за преговарање.

Понатаму следни според вкупната вредност на доделени договори во постапка со преговарање без објавување на оглас (18%) отпаѓаат на членот 55 став (1) точка в) алинеја 1 - целта на јавната набавка е да се создаде или да се добие уникатно уметничко дело или уметнички изведби и 11% кога од причини од крајна итност предизвикани од настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди и да му се припишат како пропуст. Во вкупната

вредност на доделени договори во постапка со преговарање без објавување на оглас 5% отпаѓаат на причината непредвидени работи, а 4% за такви работи или услуги кои не можат да бидат технички или економски одделени од основниот договор без поголеми проблеми за договорниот орган и 2% кога од технички или уметнички причини врзани за заштита на ексклузивнте права, договорот може да го изврши само одреден економски оператор согласно законот за јавните набавки кои не е веќе во примена. Уделот на останатите причини/законска оправданост за користење на постапката со преговарање без објава на оглас се незначителни и опфаќаат помалку од 1% од вкупната вредност на доделени договори.

Во споредба со минатата година, бројот на склучени договори со постапки со преговарање без објава на оглас е намален (во 2019 – 376, во 2018 – 603 во 2017 – 497). Од друга страна, вкупната вредност на склучените договори во апсолутен износ е зголемен во однос на минатата година (во 2019 - 2.325.853.248ден., во 2018 - 2.060.086.171 ден., во 2017 - 1.796.461.470 ден).

Табела 8.14

| Вид на постапка | Оправданост за изборот на постапката | Број на склучени договори | Вредност на склучените договори |
|---|---|---|---|
| А. Постапка со преговарање со претходно објавување на оглас | во исклучителни случаи кога природата на работите, стоките или услугите или ризиците кои произлегуваат од тоа не дозволуваат претходно одредување на в | 4 | 1.788.852.711 ден. |
| | договорниот орган во постапката со преговарање ги повикува економските оператори кои во отворената постапка, ограничената постапка или конкурентниот д | 1 | 41.533.370 ден. |
| | за услуги, ако природата на услугата е таква што техничките спецификации не можат да се утврдат доволно прецизно да овозможат склучување на договор со | 1 | 354.000.000 ден. |
| | постапка со преговарање со објавување на оглас објавен по Закон за јавните набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/19)[5] | 2 | 428.210.200 ден. |

[5] Постапката со преговарање со објавување на оглас е редовна постапка за јавни набавки од секторските дејности

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Вкупно А.** | 8 | 2.612.596.281 ден. |
| Б. Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас | по претходно спроведени две отворени постапки или постапки со барање за прибирање на понуди не е поднесена ниту една понуда, односно кога по преходно спроведени две ограничени постапки не е поднесена ниту една пријава за учество во првата фаза, под услов да не се сменети условите од тендерската документација | 4 | 645.000 ден. |
| | кога по претходно спроведени две отворени постапки или поедноставени отворени постапки не е поднесена ниту една понуда или ниту една соодветна понуда, односно кога по претходно спроведени две ограничени постапки не е поднесена ниту една пријава за учество или ниту една соодветна пријава за учество во првата фаза, под услов да не се значително сменети условите од тендерската документација. | 29 | 1.380.353.843 ден. |
| | кога од технички или уметнички причини, односно од причини врзани за заштита на ексклузивните права (патенти и сл.), договорот може да го изврши само одреден економски оператор | 34 | 51.307.120 ден. |
| | доколку стоката, услугата или работата може да ја обезбеди само одреден економски оператор од следниве причини: целта на јавната набавка е да се создаде или да се добие уникатно уметничко дело или уметнички изведби | 207 | 427.995.884 ден. |
| | доколку поради крајна итност, предизвикана како резултат на настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди, роковите за другите постапки не може да се применат. | 41 | 185.409.999 ден. |
| | кога од причини од крајна итност предизвикани од настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди и да му се припишат како пропуст, не може да се примени рокот за објавување на отворена постапка, ограничена постапка, постапка со барање за прибирање на понуди или постапка со преговарање со претходно објавување на оглас | 28 | 60.235.489 ден. |
| | произведени исклучиво за истражување, експериментирање, проучување или развој, но не за стоки во сериско производство со кое би се остварила добивка или поврат на трошоците за развојот или истражувањето | 1 | 97.909 ден. |
| | кога договорниот орган мора да набави дополнителни испораки од првобитниот носител на набавка заради делумна замена на вообичаените стоки или инсталации или проширување на постојните стоки или инсталации, при што промената на понудувачот би го обврзала договорниот орган да купи материјал кој има поинакви технички карактеристики што би резултирало со некомпатибилност или несразмерни технички тешкотии во функционирањето и одржувањето. Должината на дополнителните набавки не смее да надмине три години од склучувањето на основниот договор, а нивната вредност не смее да надмине 30% од вредноста на основниот договор | 2 | 380.664 ден. |
| | кога предметниот договор следува по спроведување на конкурс за избор на идејно решение и се доделува на најдобро рангираниот учесник или на еден од најдобро рангираните учесници | 4 | 3.748.508 ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | за набавка на непредвидени работи | 19 | 113.011.460 ден. |
| | таквите работи или услуги не можат да бидат технички или економски одделени од основниот договор без поголеми проблеми за договорниот орган | 7 | 102.667.372 ден. |
| | **Вкупно Б.** | 376 | 2.325.853.248 ден. |

Графикон 8.18




Во Табелите 8.15 и 8.16 се претставени најголемите 20 склучени договори за јавни набавки за постапките со преговарање без објава на оглас во 2019 година и топ 10 договорни органи со најмногу склучени договори со постапка со преговарање без објава на оглас поделени по причина за преговарање.

Табела 8.15

| Листа на 20 најголеми договори за јавни набавки за преговарање без објава на оглас во 2019 година | | | |
|---|---|---|---|
| **Предмет на набавка** | **Назив на договорен орган** | **Носител на набавка** | **Вредност на склучените договори** |
| ОТКУП НА УЧЕБНИЦИ И ПРИДРУЖЕН ДИДАКТИЧКИ И РАБОТЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА | Министерство за образование и наука | Друштво за графички услуги и трговија АРС ЛАМИНА ДОО Скопје | 107.068.720 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| (дел 6) | | | |
| ОТКУП НА УЧЕБНИЦИ И ПРИДРУЖЕН ДИДАКТИЧКИ И РАБОТЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА (дел 5) | Министерство за образование и наука | Друштво за продукција,маркетинг,дизајн,промет и услуги АРБЕРИА-ДЕСИГН ДООЕЛ експорт-импорт Тетово | 85.005.631 |
| Услуга од специјализирана работна рака за ремонтни активности во ПЕ Термоелектрани,РЕК Битола за 2019година, за ДЕЛ 20-Турбоагрегат . | Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје | Друштво за изградба,производство на опрема,монтажа на енергетски и индустриски објекти МОНТИНГ ЕНЕРГЕТИКА ДОО Скопје | 50.740.000 |
| Услуга од градежна механизација на повик за РЕК Битола(Измена на основен договор бр.11-131/6 од 26.06.2018) | Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје | Друштво за трговија, производство и услуги МАРКОВСКИ КОМПАНИ Борче ДООЕЛ увоз-извоз Битола | 50.435.324 |
| Услуга од градежна механизација на повик за РЕК Битола (Измена на основен договор бр.11-189/1 од 26.06.2018) | Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје | Друштво за производство,трговија,услуги и транспорт МИС-КОМЕРЦ Митко ДООЕЛ експорт-импорт Скопје | 45.508.352 |
| Непредвидени работи за Санација и рехабилитација на државен пат А1, делница Неготино – Демир Капија | Јавно претпријатие за државни патишта | Градежно друштво ГРАНИТ АД-Скопје | 34.615.160 |
| Непредвидени работи за изведба на денивелиран патен јазол за ТИРЗ Струга | Дирекција за технолошки индустриски развојни зони | Друштво за градежништво и трговија ЖИКОЛ ДООЕЛ експорт импорт Струмица | 33.065.139 |
| Лабораториски услуги за здравствена заштита на животните од заразни болести | Агенција за храна и ветеринарство | Факултет за ветеринарна медицина - Скопје | 31.728.000 |
| Измена на Договорот за набавка на работи за доизградба на канализациона мрежа во Ѓорче Петров, општина Ѓорче Петров (ј.н. 110/2016) | Министерство за транспорт и врски | Акционерско друштво за проектирање и изведување градежно-занаетчиски работи ЕНЕРГОМОНТ Скопје | 30.157.508 |
| Изработка и печатење на доверлив изборен материјал и избирачки список за изборите 2019 | Државна изборна комисија | Акционерско друштво Печатница КИРО Д. ДАНДАРО заштитно друштво Битола | 27.900.000 |
| Транспорт и сместување на членови на ИО во ДКП за изборите 2019 | Државна изборна комисија | Друштво за туризам угостителство и трговија АВИОТУРС ТРАВЕЛ СЕРВИС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 23.500.000 |
| Набавка за одржување на системот за зонско паркирање | ЈП Градски Паркинг - Скопје | Друштво за информатичка технологија НЕКСТСЕНС ДОО Скопје | 20.060.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ОТКУП НА УЧЕБНИЦИ И ПРИДРУЖЕН ДИДАКТИЧКИ И РАБОТЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА (дел 15) | Министерство за образование и наука | Друштво за графички услуги и трговија АРС ЛАМИНА ДОО Скопје | 19.406.022 |
| Одржување на Информационен систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР) | Министерство за информатичко општество и администрација | Трговско друштво за производство, услуги и промет АССЕКО СЕЕ ДООЕЛ Скопје | 17.334.200 |
| Изнајмување на интегриран систем за грижа на корисници | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар Скопје | Друштво за производство, трговија, компјутерски активности и услуги ВИСТА ГРУП ДООЕЛ експорт-импорт Скопје | 16.720.897 |
| ОТКУП НА УЧЕБНИЦИ И ПРИДРУЖЕН ДИДАКТИЧКИ И РАБОТЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА (дел 12) | Министерство за образование и наука | Акционерско друштво за издавање учебници и наставни средства ПРОСВЕТНО ДЕЛО Скопје | 15.768.002 |
| Услуги за одржување на ИБМ сториџ и ИБМ лиценци | Министерство за внатрешни работи на РМ | Друштво за истражување и развој во техничките и технолошките науки УЛТРА ДОО Скопје | 15.685.516 |
| ОТКУП НА УЧЕБНИЦИ И ПРИДРУЖЕН ДИДАКТИЧКИ И РАБОТЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА (дел 13) | Министерство за образование и наука | Трговско друштво за промет и услуги СТ.ЏОРЏ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје | 15.525.824 |
| „ Одржување и заштита на автопати,улици и патишта(зимско одржување),на територијата и за потребите на Општина Прилеп„ , согласно на техничката спецификација изработена од страна на Секторот за урбанизам,комунални работи и заштита на животната средина – Одделение за улици и патишта и согласно на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Прилеп за сезона 2019/2020 | ЕЛС - Општина Прилеп | Друштво за производство,трговија и услуги КН-ЕЛМОНТ увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп | 14.514.000 |
| Набавка на лекови | ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата Козле Скопје | Друштво за трговија, производство и услуги ФЕНИКС ФАРМА ДООЕЛ Скопје | 12.929.621 |

Табела 8.16

**Топ 10 договорни органи кои склучиле најмногу постапки со преговарање без објавен оглас поделени по причина за**

| преговарање | | |
|---|---|---|
| **Назив на договорен орган** | **Причина за преговарање** | **Број на постапки** |
| Министерство за образование и наука | доколку стоката, услугата или работата може да ја обезбеди само одреден економски оператор од следниве причини: целта на јавната набавка е да се создаде или да се добие уникатно уметничко дело или уметнички изведби | 26 |
| ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата Козле Скопје | доколку поради крајна итност, предизвикана како резултат на настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди, роковите за другите постапки не може да се применат | 10 |
| | доколку стоката, услугата или работата може да ја обезбеди само одреден економски оператор од следниве причини: целта на јавната набавка е да се создаде или да се добие уникатно уметничко дело или уметнички изведби | 1 |
| | кога по претходно спроведени две отворени постапки или поедноставени отворени постапки не е поднесена ниту една понуда или ниту една соодветна понуда, односно кога по претходно спроведени две ограничени постапки не е поднесена ниту една пријава за учество или ниту една соодветна пријава за учество во првата фаза, под услов да не се значително сменети условите од тендерската документација. | 12 |
| ЈУ Градска библиотека Браќа Миладиновци Скопје РМ | доколку стоката, услугата или работата може да ја обезбеди само одреден економски оператор од следниве причини: целта на јавната набавка е да се создаде или да се добие уникатно уметничко дело или уметнички изведби | 22 |
| Библиотека Тане Георгиевски - Куманово | доколку стоката, услугата или работата може да ја обезбеди само одреден економски оператор од следниве причини: целта на јавната набавка е да се создаде или да се добие уникатно уметничко дело или уметнички изведби | 22 |
| Национална установа универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски„ – Битола | доколку стоката, услугата или работата може да ја обезбеди само одреден економски оператор од следниве причини: целта на јавната набавка е да се создаде или да се добие уникатно уметничко дело или уметнички изведби | 20 |
| Народна банка на Република Македонија | доколку стоката, услугата или работата може да ја обезбеди само одреден економски оператор од следниве причини: целта на јавната набавка е да се создаде или да се добие уникатно уметничко дело или уметнички изведби | 10 |
| | кога од технички или уметнички причини, односно од причини врзани за заштита на ексклузивните права (патенти и сл.), договорот може да го изврши само одреден економски оператор | 4 |
| Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје | доколку поради крајна итност, предизвикана како резултат на настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди, роковите за другите постапки не може да се применат | 4 |
| | доколку стоката, услугата или работата може да ја обезбеди само одреден економски оператор од следниве причини: целта на јавната набавка е да се создаде или да се добие уникатно уметничко дело или уметнички изведби | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | кога по претходно спроведени две отворени постапки или поедноставени отворени постапки не е поднесена ниту една понуда или ниту една соодветна понуда, односно кога по претходно спроведени две ограничени постапки не е поднесена ниту една пријава за учество или ниту една соодветна пријава за учество во првата фаза, под услов да не се значително сменети условите од тендерската документација. | 4 |
| | по претходно спроведени две отворени постапки или постапки со барање за прибирање на понуди не е поднесена ниту една понуда, односно кога по преходно спроведени две ограничени постапки не е поднесена ниту една пријава за учество во првата фаза, под услов да не се сменети условите од тендерската документација | 1 |
| | таквите работи или услуги не можат да бидат технички или економски одделени од основниот договор без поголеми проблеми за договорниот орган | 2 |
| Министерство за транспорт и врски | доколку стоката, услугата или работата може да ја обезбеди само одреден економски оператор од следниве причини: целта на јавната набавка е да се создаде или да се добие уникатно уметничко дело или уметнички изведби | 4 |
| | за набавка на непредвидени работи | 8 |
| Државна изборна комисија | доколку поради крајна итност, предизвикана како резултат на настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди, роковите за другите постапки не може да се применат | 10 |
| Министерство за внатрешни работи на РМ | доколку стоката, услугата или работата може да ја обезбеди само одреден економски оператор од следниве причини: целта на јавната набавка е да се создаде или да се добие уникатно уметничко дело или уметнички изведби | 2 |
| | доколку поради крајна итност, предизвикана како резултат на настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди, роковите за другите постапки не може да се применат | 3 |
| | доколку стоката, услугата или работата може да ја обезбеди само одреден економски оператор од следниве причини: целта на јавната набавка е да се создаде или да се добие уникатно уметничко дело или уметнички изведби | 2 |

Известувањето за доброволна претходна транспарентност се објавува кога се доделува договор за јавна набавка во постапка со преговарање без објавување оглас. Ова известување се објавува на ЕСЈН истиот ден кога договорниот орган на понудувачите им ја доставува одлуката за избор. Во известувањето за доброволна претходна транспарентност задолжително се прикачува копија од одлуката за избор.

Во 2019 година објавени се вкупно 6 известувања за доброволна претходна транспарентност од вкупно спроведени 376 постапки со преговрање без објавување на оглас.

Податок што може да послужи за прикажување на ефикасноста на постапките за доделување на договор за јавна набавка е и просечното времетраење на постапките од јавното отворање на понудите до склучувањето на договорот. Од прибраните податоци, може да се утврди дека просечното времетраење на фазата на евалуација во 2019 година кај набавка од мала вредност е 20 дена, кај поедноставена отворена постапка е 26 дена, кај отворената постапка 44 дена и кај постапката со преговарање со претходно објавен оглас во 2019 бил 151 ден, во 2017 – 115 дена, додека во 2018 е 151 ден.

Графикон 8.18




Во натамошниот текст се презентирани податоци за вредноста на склучените договори поединечно по договорен орган (листа на 20 најголеми јавни потрошувачи во 2019 година) и по категорија на договорен орган Табели 8.17 и 8.18

Табела 8.17

| Листа 20 најголеми јавни потрошувачи во 2019 година | |
|---|---|
| ***Назив на договорен орган*** | ***Вкупна вредност на договорите (денари)*** |
| Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје | 5.440.883.593 |
| Јавно претпријатие за државни патишта | 2.740.860.209 |

| | |
|---|---|
| Министерство за здравство | 1.757.732.243 |
| Град Скопје | 1.322.948.353 |
| Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати | 1.234.621.322 |
| Министерство за внатрешни работи на РМ | 1.072.293.435 |
| Министерство за одбрана - сектор за логистика | 1.021.079.037 |
| ЈП Водовод и канализација - Скопје | 930.529.650 |
| Министерство за образование и наука | 892.013.109 |
| Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје | 867.007.822 |
| Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о. | 858.753.584 |
| ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ Скопје | 740.293.075 |
| АД МЕПСО | 647.396.768 |
| ЈП „Национални шуми“- п.о.-Скопје | 628.025.633 |
| Министерство за транспорт и врски | 621.147.790 |
| Општина Куманово | 476.669.790 |
| Јавна установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје | 474.319.294 |
| ЈП Комунална хигиена Скопје | 444.969.355 |
| Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје | 387.933.401 |
| ЈЗУ У Кл.за трауматологија,ортопедски болести,анестезија,реанимација и ин.лекување и ургентен центар | 348.377.124 |

Табела 8.18

| Листа на најголеми потрошувачи по категорија на договорен орган | | |
|---|---|---|
| **Категорија на договорен орган** | **Назив на договорен орган** | **Вредност на склучените договори** |
| **А. Државни органи** | Министерство за здравство | 1.757.732.243 ден. |
| | Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати | 1.234.621.322 ден. |
| | Министерство за внатрешни работи на РМ | 1.072.293.435 ден. |
| | Министерство за одбрана - сектор за логистика | 1.021.079.037 ден. |
| | Министерство за образование и наука | 892.013.109 ден. |
| | Министерство за транспорт и врски | 621.147.790 ден. |
| | Царинска управа на РМ | 293.434.735 ден. |
| | Влада на РС Македонија - Генерален секретаријат | 263.745.922 ден. |
| | Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија | 252.945.983 ден. |
| | Агенција за храна и ветеринарство | 215.856.114 ден. |
| **Б. Органи на** | Град Скопје | 1.322.948.353 ден. |

| | | |
|---|---|---|
| единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје | Општина Куманово | 476.669.790 ден. |
| | Општина Кавадарци | 287.188.979 ден. |
| | Општина Прилеп | 266.284.932 ден. |
| | Општина Битола | 237.152.102 ден. |
| | Општина Тетово | 235.385.325 ден. |
| | Општина Липково | 204.932.201 ден. |
| | Општина Штип | 186.840.851 ден. |
| | Општина Струмица | 181.455.291 ден. |
| | Општина Аеродром | 179.090.501 ден. |
| В. Правни лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес – Член 4 став 1 алинеја б) од Законот | Јавно претпријатие за државни патишта | 2.740.860.209 ден. |
| | Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје | 867.007.822 ден. |
| | Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о. | 858.753.584 ден. |
| | ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ Скопје | 740.293.075 ден. |
| | ЈП „Национални шуми“- п.о.-Скопје | 628.025.633 ден. |
| | Јавна установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар – Скопје | 474.319.294 ден. |
| | ЈП Комунална хигиена Скопје | 444.969.355 ден. |
| | Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје | 387.933.401 ден. |
| | ЈЗУ У Кл.за трауматологија,ортопедски болести,анестезија,реанимација и ин.лекување и ургентен Центар | 348.377.124 ден. |
| | ЈП Колекторски Систем | 304.269.830 ден. |
| Г. Здруженија основани од еден или повеќе договорни органи | Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија – ЗЕЛС | 12.925.754 ден. |
| | Здружение ХОПС-Опции за здрав живот Скопје | 1.128.645 ден. |
| | Здружение Опција Охрид | 232.537 ден. |
| Д. Јавни претпријатија, акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност од опфатени дејности | Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје | 5.440.883.593 ден. |
| | ЈП Водовод и канализација – Скопје | 930.529.650 ден. |
| | АД МЕПСО | 647.396.768 ден. |
| | ГА-МА АД – Скопје | 340.915.437 ден. |
| | Јавно сообраќајно претпријатие СКОПЈЕ | 335.815.363 ден. |
| | АД за поштенски сообраќај Пошта на Северна Македонија во државна сопственост | 246.212.925 ден. |
| | ЈП Водовод Куманово | 103.734.604 ден. |
| | ЈП Комуналец Кичево | 85.074.387 ден. |

| | | |
|---|---|---|
| | ЈКП Водовод и канализација – Прилеп | 77.552.309 ден. |
| | КЈП Нискоградба – Битола | 51.472.754 ден. |
| **Ѓ. Други договорни органи** | ЕВН Македонија АД- Скопје | 3.922.510.376 ден. |
| | Производство на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ Скопје | 1.330.278.474 ден. |

Во наредните неколку табели се презентирани податоци за 10-те најголеми склучени договори по вид на договор за 2019 година, односно најголемите договори склучени за стоки, услуги и работи. Табели бр. 8.19, 8.20 и 8.21.

Табела 8.19

| Листа на 10 најголеми договори за јавни набавки за стоки во 2019 година | | | |
|---|---|---|---|
| **Предмет на набавка** | **Назив на договорен орган** | **Носител на набавка** | **Вредност на склучените договори** |
| Делива набавка на Еуродизел БС (Д-Е-V) (Дизел гориво EN 590) во количина до 21.524.400 литри | Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати | ОКТА Рафинерија на нафта Акционерско друштво-Скопје | 580.833.333 |
| Набавка на стоки - Битумен 50/70 за производство на асфалт | Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о. | Трговско друштво за градежништво производство трговија и угостителство ИЛИНДЕН АД Струга | 345.309.300 |
| Лекови за лекување на ретки болести | Министерство за здравство | Друштво за промет и услуги АЛКАЛОИД КОНС увоз извоз ДООЕЛ Скопје | 294.254.934 |
| Делива набавка на Еуродизел БС (Д-Е-V) (Дизел гориво EN 590) во количина до 10.371.000 литри | Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати | ОКТА Рафинерија на нафта Акционерско друштво-Скопје | 239.166.667 |
| Гумени транспортни ленти со платно за ПЕ Рудници РЕК Битола | Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје | Друштво за посредништво, трговија и услуги МБФ ГЛОБАЛ ДОО Скопје | 211.895.442 |
| Делива набавка на Еуродизел БС (Д-Е-V) (Дизел гориво EN 590) во | Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени | Друштво за производство, промет и услуги СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 205.000.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| количина до 21.524.400 литри | деривати | | |
| Вакцини за континуирана имунизација и вакцини по епидемиолошки индикации на населението во Република Македонија за период јуни 2018-јуни 2020 година со повеќегодишна јавна набавка | Министерство за здравство | Друштво за производство и промет на хемиски и козметички производи ЕЛБИЈОР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 204.878.472 |
| Дизел гориво и нафтени деривати | М.Ж. ТранспортАД-Скопје | Друштво за производство, трговија и услуги ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ с.Пласница Пласница | 202.606.000 |
| Вакцини за континуирана имунизација и вакцини по епидемиолошки индикации на населението во Република Македонија за период јуни 2018-јуни 2020 година со повеќегодишна јавна набавка | Министерство за здравство | Акционерско друштво за производство на лекови, медицинска опрема и материјал, промет и услуги Д-Р ПАНОВСКИ Скопје | 191.552.445 |
| Вакцини за континуирана имунизација и вакцини по епидемиолошки индикации на населението во Република Македонија за период јуни 2018-јуни 2020 година со повеќегодишна јавна набавка | Министерство за здравство | Друштво за промет и услуги АЛКАЛОИД КОНС увоз извоз ДООЕЛ Скопје | 190.076.250 |

Табела 8.20

| Листа на10 најголеми договори за јавни набавки за услуги во 2019 година | | | |
|---|---|---|---|
| **Предмет на набавка** | **Назив на договорен орган** | **Носител на набавка** | **Вредност на склучените договори** |
| Ископ на јаглен и јаловина во ПЕ Рудници, РЕК Битола | Акционерско друштво за производство на електрична енергија | Друштво за градежништво и услуги ПЕЛИСТЕР Битола ДОО | 776.440.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје | | |
| Телекомуникациски услуги за потребите на МВР за период од три години | Министерство за внатрешни работи на РМ | Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации - Скопје | 354.000.000 |
| Услуга од ископ на јаглен, меѓуслојна и кровинска јаловина во ПЕ Рудници, РЕК Битола | Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје | Друштво за производство, трговија и услуги РУД-КОП увоз-извоз ДООЕЛ Битола | 342.200.000 |
| Ископ на јаглен, меѓуслојна и кровинска јаловина во ПЕ Рудник (РЕК Битола) | Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје | Друштво за изведување на рударско градежни работи МАШИНОКОП ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци | 330.400.000 |
| Ангажирање на помошна механизација за потребите на рударската оператива во ПЕ Рудници (РЕК Битола) | Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје | Друштво за трговија, производство и услуги МАРКОВСКИ КОМПАНИ Борче ДООЕЛ увоз-извоз Битола | 257.440.600 |
| Ангажирање на помошна механизација за потребите на рударска оператива во ПЕ Рудници, РЕК Битола | Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје | Друштво за трговија, производство и услуги МАРКОВСКИ КОМПАНИ Борче ДООЕЛ увоз-извоз Битола | 214.760.000 |
| Услуга од специјализирана работна рака за ремонтни | Акционерско друштво за производство на електрична енергија | Друштво за проектирање, производство и монтажа на челични конструкции и опрема, | 184.424.560 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| активности во ПЕ Термоелектрани, РЕК Битола за 2019 година | ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје | увоз-извоз ФАКОМ АД - Скопје | |
| Услуги за преведување, лектура, стручна редакција, графичко, техничко уредување, печатење и дистрибуција на учебници за основно и средно образование. | Министерство за образование и наука | Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за печатење на весници-Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ Кочани | 157.500.000 |
